ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**




# ИСТРАЖУВАЊЕ

## за онлајн и офлајн инциденти на насилство врз млади жени и девојки во јавниот простор во Северна Македонија

**Наслов:**

ИСТРАЖУВАЊЕ за онлајн и офлајн инциденти на насилство врз млади жени и девојки во јавниот простор во Северна Македонија

**Уредничка:**

д-р Жанета Попоска од Мисијата на ОБСЕ во Скопје

**Автор:**

Индаго

**Лектура:**

Лектура на македонската верзија: Јордана Шемко Георгиевска

Лектура на англиската верзија: Лазар Попов

Лектура на албанската верзија: Фетије Топојани

**Превод:**

Превод од македонски на англиски јазик: Ида Блажевска

Превод од македонски на албански јазик: Газменд Ќоку

978-92-9271-683-7

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Материјалите во оваа публикација се само за референца. Иако ОБСЕ вложи максимално внимание во нејзината подготовка, не презема никаква одговорност за точноста и комплетноста на сите информации, упатства и совети изнесени или за какви било печатни грешки. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изнесени во неа не мора да ја одразуваат официјалната политика или позиција на ОБСЕ. Поради овие причини, не може да се покренат никакви барања против ОБСЕ во однос на потенцијалните последици од веродостојноста на информациите или заклучоците содржани во оваа публикација.

# Содржина


| | |
|---|---|
| **Извршно резиме** | **6** |
| **Методологија и обем на истражувањето** | **16** |
| **Цел на истражувањето** | **17** |
| **Методологија на истражување** | **18** |
| Квантитативно истражување | 18 |
| Квалитативно истражување | 18 |
| **Резултати** | **19** |
| **Перцепција и ставови поврзани со РБН и институционален контекст** | **19** |
| Оценка на безбедносна ситуација | 19 |
| Работа на институциите во заштита од РБН | 22 |
| Клучни институции за справување со РБН | 23 |
| Знаења поврзани со РБН | 27 |
| Ставови за РБН | 31 |
| **Форми и распространетост на РБН и/или вознемирување** | **36** |
| Најголеми проблеми | 36 |
| Чувство на безбедност во јавен простор | 38 |
| Преваленција на насилство | 39 |
| Форми на насилство | 43 |
| Пријавување на насилство | 45 |
| Причини за непријавување | 46 |
| Механизми на справување | 48 |
| Празнини во институционална и правна заштита | 50 |
| Фактори за поголема безбедност | 51 |
| Пристапност на институциите | 53 |

| | |
|---|---|
| **Онлајн средина и дигитално насилство** | **55** |
| Преваленција на насилство во дигиталниот простор | 55 |
| Форми на насилство во дигиталниот простор | 56 |
| Платформи | 58 |
| Пријавување на насилство | 59 |
| Механизми на справување | 61 |
| Фактори за РБН во дигиталниот простор | 63 |
| Фактори за поголема безбедност | 64 |
| **Заклучоци и препораки** | **66** |
| **Заклучоци** | **67** |
| **Препораки** | **69** |
| **Прилози** | **71** |
| **Прилог 1 - Прашалник** | **71** |
| **Прилог 2 - Водич за дискусија во фокус групи** | **94** |

# Листа на графикони


| | |
|---|---|
| **Графикон 1:** Чувство на безбедност во јавен простор | 19 |
| **Графикон 2:** Избегната активност/место поради страв од РБН | 21 |
| **Графикон 3:** Доверба во институциите | 22 |
| **Графикон 4:** Клучна улога во справување со РБН | 24 |
| **Графикон 5:** Соодветна реакција од институциите | 26 |
| **Графикон 6:** Информации за РБН | 27 |
| **Графикон 7:** Причини за не пријавување на РБН | 28 |
| **Графикон 8:** Свесност за постоење на сервиси | 30 |
| **Графикон 9:** Основни ставови за РБН | 31 |
| **Графикон 10:** Норми и прифатливи поведенија | 33 |
| **Графикон 11:** Ставови кон ризични групи на млади жени и/или девојки | 35 |
| **Графикон 12:** Најголеми проблеми | 37 |
| **Графикон 13:** Чувство на безбедност | 39 |
| **Графикон 14:** Преваленција на насилство | 41 |
| **Графикон 15:** Пријава на насилство | 45 |
| **Графикон 16:** Причини за непријавување | 47 |
| **Графикон 17:** Преземени чекори | 49 |
| **Графикон 18:** Празнини во институционална и правна заштита | 51 |
| **Графикон 19:** Фактори за поголема безбедност | 52 |
| **Графикон 20:** Начини за попристапни институции | 54 |
| **Графикон 21:** Искуство со насилство во дигитален простор | 55 |
| **Графикон 22:** Форми на РБН во дигиталниот простор | 57 |
| **Графикон 23:** Платформа каде е доживеано/посведочено насилство | 58 |
| **Графикон 24:** Пријава на насилство во дигиталниот простор | 59 |
| **Графикон 25:** Причини за непријавување | 60 |
| **Графикон 26:** Преземени акции | 62 |
| **Графикон 27:** Фактори за РБН во дигитален простор | 64 |
| **Графикон 28:** Фактори за поголема безбедност | 65 |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ



Овој извештај ги презентира резултатите од истражувањето за родово базирано насилство и вознемирување врз млади жени и девојки на возраст од 18 до 29 години во Северна Македонија, спроведено во 2025 година со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје а во соработка со Канцеларијата на Претседателката на Република Северна Македонија.

Истражувањето има за цел да ја утврди распространетоста, природата и перцепцијата за различните форми на родово базирано насилство, како и ефикасноста и пристапноста на институциите за заштита и поддршка на жртвите од родово базирано насилство. Дополнително, истражувањето се фокусира и на онлајн формите на насилство, кои претставуваат сè поголем предизвик во контекст на дигиталната трансформација на општеството.

## Методологија

Истражувањето е спроведено на репрезентативен примерок од 600 испитанички од сите плански региони на земјата, преку структурирани лице-в-лице анкети на македонски и албански јазик, со статистичка грешка од ±3,9%. Покрај квантитативниот дел, беа организирани четири фокус групи со учество на претставници и претставнички на граѓански организации и експерти/експертки од областа на човековите права и родовата еднаквост. Комбинацијата на методите овозможи длабинска анализа на индивидуалните искуства, општествените перцепции и институционалните практики.

## Наоди од истражувањето

### Перцепција и чувство на безбедност

- Две третини (74%) од младите жени и девојки изјавиле дека се почувствувале небезбедно во јавен простор поради својот пол, додека 27% никогаш не се соочиле со такво чувство.
- Младите Албанки во значително повисок процент (90%) се почувствувале барем во некој момент небезбедно во јавниот простор споредено со младите Македонки (66%), Ромки (77%) и припаднички на останатите етнички заедници (74%).

- 27% од испитаничките избегнале некаква активности или посета на определено место поради страв од насилство, при што највисоки нивоа на вознемиреност се забележани кај најмладите (18–21 години) и кај ромската популација (57%). Дополнително, младите жени и девојки кои доаѓаат од семејства со понизок економски статус (43%), без формално образование (49%) и од Североисточниот Регион на државата (42%) имаат поголема веројатност да избегнуваат активност или место поради страв од РБН и/или вознемирување.
- Чувството на безбедност е во силна корелација со економскиот статус, при што младите жени и девојки од семејства со понизок приход почесто се чувствуваат изложени на ризик.

## Институции за спречување и заштита на РБН

- Највисока доверба е искажана за образовните (67%) и здравствените установи (62%), следени од полицијата (55%), центрите за социјална работа (51%) и граѓанските организации (50%), додека најниска кон судството (38%) и обвинителството (41%).
- Полицијата е препознаена како најважна институција за постапување при родово базирано насилство (69%) следена од центрите за социјална работа (61%), но во фокус групите беа анализирани како реактивни и не секогаш ефикасни.
- Пола од испитаничките (51%) сметаат дека институциите соодветно реагираат на спречување и казнување на родовото базирано насилство и/или вознемирување врз млади жени и девојки, додека високи 40% од испитаничките не го делат тоа мислење.

## Знаење за РБН

- Повеќето млади жени и девојки (71%) имаат информации за да препознаат родово базирано насилство и/или вознемирување. Сепак, секоја четврта млада жена или девојка (27%) изјавува дека нема доволно информации за да го препознае и да се побара заштита од РБН. Овој процент е посебно висок помеѓу Ромките (47%), како и оние без формално образование (50%) или само со основно образование (49%).
- Главни причини за непријавување се: страв (58%), недоверба во институциите (56%), срам (50%). Притисокот од семејството е наведен во значително повисок процент од страна на Ромките (53%) споредено со просечниот процент (25%). Срамот како причина се јавува во значително повисок процент (66%) кај младите жени и девојки со основно образование споредено со испитаничките кои имаат високо образование.

- Половината од младите жени и девојки мислат дека не постојат (30%) или не знаат дека постојат (21%) младински и родово чувствителни сервиси за поддршка на жртви на РБН. Особено ниска е свесноста кај најмладите (18 до 21 година), Ромките и кај младите жени и девојки без формално или со основно образование. Само 7% од младите жени и девојки знаат дека постојат младински и родово чувствителни сервиси кои се достапни.

## Ставови за РБН

- Три од пет испитанички не се согласуваат со ставовите дека семејното насилство е приватна работа и треба да остане во семејството (61%), дека насилството е предизвикано од самата жртва (67%) и дека жените измислуваат или претеруваат со тврдењата за злоупотреба (65%). Една од четири испитанички смета дека жените се почесто силувани од страна на непознати сторители отколку од страна на оние што ги познаваат (27%).
- Негативните ставови кон родовото базирано насилство се почесто присутни кај млади жени и девојки со понизок економски статус, одредена етничка припадност (главно албанска и ромска) и од рурални средини. Овие испитанички почесто веруваат дека семејното насилство е приватна работа, дека жртвата сама го предизвикува насилството и дека жените кои пријавуваат злоупотребување често претеруваат.
- Резултатите покажуваат дека повеќето млади жени и девојки одбиваат традиционални ставови за женска покорност - 80% не се согласуваат дека жената е должна на сексуални односи без желба, а 75% дека мажот треба да биде „главниот“ во врската. Сепак, загрижувачки е што 31% ги нормализираат провокативните облеки како причина за насилство, 24% ја префрлаат вината на жртвата, а 20% не го препознаваат сексуалното вознемирување, иако 66% поддржуваат надворешна интервенција во случаи на насилство и 71% ја бранат слободата на жената во изборот на пријатели.
- Испитаничките ги препознаваат интерсекциските фактори, етничка припадност (42%), попреченост (41%) и место на живеење (37%), како значајни за ризикот од родово базирано насилство, но социоекономскиот статус е највлијателен. Речиси половина од нив (46%) сметаат дека жените со понизок социоекономски статус се повеќе изложени на насилство и дека токму овој фактор најмногу влијае врз начинот на кој се постапува кон жртвите.

## Форми и распространетост на РБН

- Според испитаничките, финансиските проблеми и економската нестабилност се најчести предизвици со кои се соочуваат младите жени и девојки – 23% ги наведуваат како примарен, а вкупно 30% како значаен проблем, особено кај повремено вработените (41%), невработените (37%) и жените од ромска етничка припадност (60%). По нив следуваат чувството на небезбедност во јавен простор (16%), менталното здравје (12%) и онлајн вознемирувањето (16% кај најмладите во возрасната група 18-21 години), додека дискриминацијата е почеста во рурални средини (13% наспроти 8% во урбани).

- Младите жени и девојки се чувствуваат помалку безбедни на поголеми и виртуелни места (како што е дигиталниот простор). Така, 44% од младите жени и девојки се чувствуваат небезбедни во дигиталниот простор, а 37% на јавни места како што се плоштади, паркови и улици и 34% во јавниот превоз. За разлика, 89% од младите жени и девојки се чувствуваат безбедно во нивното соседство и 79% во нивниот град/село и во образовните институции.

- Според испитаничките, најчесто форми на насилство врз младите жени и девојки се вербалното (33% како сведоци, 24% како жртви), психолошкото (24% како сведоци и 16% како жртви) и физичкото (22% како сведоци и 12% како жртви), додека економското и сексуалното насилство и вознемирување се пријавуваат во помал процент.

- Највисока изложеност на насилство имаат младите жени и девојки од ромска етничка припадност – 47% искусиле вербално, 40% психолошко и 27% физичко насилство. Сексуалното вознемирување е повеќе од просек забележано кај младите жени и девојки од руралните средини (10%) и младите Албанки (10%).

- Психолошкото и дигиталното насилство се оценети како најскриени и најретко санкционирани форми.

- Насилството врз младите жени и девојки е распространето насекаде, а најчесто се случува во домот (24%), каде контролирачкото и економското насилство се пријавени од 49% и 65% од испитаничките, што укажува на зависност и контрола во интимните односи. Според испитаничките, во јавниот простор доминираат сексуалното вознемирување (64%) и демнењето (68%), во образовните установи најчесто се јавуваат психолошко и вербално насилство (до 45%), додека на работното место се присутни психолошко (14%) и економско (15%) насилство, а во домовите на пријатели и студентските домови сексуалното вознемирување достигнува 43%.

## Пријавување и институционален одговор

- Само 5% од жртвите кои доживеале или посведочиле насилство го пријавиле инцидентот, додека 89% не го направиле тоа. Овој податок е алармантен и покажува дека родовото базирано насилство врз младите жени и девојки најчесто останува скриено.
- Главни причини за непријавување кај младите жени и девојки кои се јавиле како жртва или како сведок на РБН се: страв (31%), недоверба во институциите (27%), срам (21%), и недоволна информираност (16%).
- По доживеан инцидент на родово базирано насилство, испитаничките кои се јавиле како жртва или сведок на РБН најчесто побарале емоционална поддршка од семејството или блиски лица (34%), а не од службените институции, 31% го напуштиле насилното опкружување, додека само 7% побарале професионална психолошка помош.

## Институционални недостатоци

- Најголемите слабости во постапувањето на институциите се недоволното казнување на сторителите (65%), недоволната заштита и поддршка на жртвите (56%) и бавната институционална реакција (55%), што создава чувство на неказнивост и недоверба во системот.
- Дополнително, испитаничките укажуваат на потреба од подобра превенција и информирање (35%), поефикасна меѓуинституционална соработка (31%), поголема обученост и чувствителност на службените лица (29%) при постапување во случаи на родово базирано насилство.
- За институциите да станат попристапни и подоверливи, младите жени и девојки најмногу бараат доверливост и заштита на личните податоци (62%), а 52% очекуваат персонализиран и сензитивен пристап, 45% кампањи за подигање на свесноста и довербата, и 41% полесен физички и онлајн пристап до услуги без сложени процедури.

## Мерки за подобрување на безбедноста

Најчесто предложени мерки за зголемување на безбедноста се:

- побрза институционална реакција (48%),
- поголема поддршка од полицијата и социјалните служби (46%),
- подобро осветлување и инфраструктура во јавните простори (34%),
- информативни и едукативни кампањи (26%),
- одржливост и достапност на постоечките сервиси за жртви (25%).

### Родово базирано насилство во дигиталниот простор

- 10% од младите жени и девојки биле жртви на оваа форма на родово базирано насилство, а 15% сведоци на насилство во дигиталниот простор.
- Најчести форми во кои се појавува РБН насилство во дигиталниот простор се: креирање на лажни профили (55%), навредливи коментари (45%), телефонски повици или СМС-пораки (33%), сексуално експлицитни пораки без согласност (25%), и онлајн демнење (23%).
- Најризични платформи за користење се Фејсбук (74%), Инстаграм (41%) и Тикток (18%).
- Само една од десет млади жени или девојки кои доживеале или биле сведок на РБН во дигиталниот простор го пријавила инцидентот и тоа го сторила најчесто во полиција или на самата социјална мрежа каде што се случило насилството.
- Главни фактори што придонесуваат за појава на онлајн насилство се недостаток на санкции (50%), анонимност (41%) и лесното ширење на навредливи содржини (39%). Значителен дел од испитаничките, исто така, ги нагласуваат недоволно регулираните платформи (29%), недоволната писменост за дигиталните права (27%), и нормализацијата на агресивниот говор и насилно однесување (27%).
- Младите жени и девојки сметаат дека за поголема безбедност во дигиталниот простор клучни се институционалната поддршка (51%), јасни и строги правила на онлајн платформите (45%), и достапни дигитални алатки за пријавување и блокирање на насилниците (43%).

## Заклучоци и препораки

### Заклучоци

1. Истражувањето укажува дека родовото базирано насилство е длабоко вкоренет и често непрепознаен феномен, кој продолжува поради недостаток на санкции, институционална неефикасност и нормализација на насилното однесување. Родовото базирано и дигиталното насилство врз младите жени и девојки претставува сериозен и растечки проблем кој бара системски и координиран пристап. Безбедноста на младите жени и девојки е мултидимензионален проблем кој бара истовремено институционален, инфраструктурен и образовен пристап.

2. Податоците потврдуваат дека институционалната доверба кај младите жени е делумна. Иако свеста кај младите е зголемена и темата сè почесто се отвора во јавноста, институционалната недоверба и бавната реакција остануваат клучни пречки за ефикасно справување со насилството. Тие имаат тенденција да веруваат во институции со кои имаат директен и секојдневен контакт (образовни и здравствени), како и во полицијата и центрите за социјална работа, додека судството и обвинителството се перципираат како неефикасни, недостапни и неемпатични.
3. Институциите со најниска доверба се истовремено и оние кај кои младите жени и девојки гледаат најголеми пропусти во работењето преку соодветно казнување на сторителите. Системската слабост, бавноста и недоволната сензитивност на службените лица ја намалуваат волјата на жртвите да пријават насилство, при што најголемите недостатоци се забележуваат во казнувањето на сторителите, поддршката на жртвите и брзината на реакцијата Недостатокот на сензибилизирани кадри, неусогласеноста меѓу институциите и ограничената правна рамка дополнително го усложнуваат проблемот
4. Младите жени и девојки очекуваат институциите да бидат попристапни, потранспарентни и посензитивни кон нивните потреби земајќи ги предвид главните приоритети како гаранција за доверливост, едноставен пристап до услуги, специјализирана поддршка и јасна и директна комуникација според пристапот заснован на жртва.
5. Граѓанските организации уживаат поголема доверба и обезбедуваат психолошка, правна и материјална поддршка (како домување и сместување на жртвите), сепак нивниот капацитет е ограничен, особено во руралните средини. Сепак, зголемениот ангажман на граѓанските организации, позитивните примери од училиштата и иницијативите за едукација и поддршка претставуваат важна основа за подобрување.
6. Значителен број млади жени и девојки имаат директно или индиректно искуство со насилство уште од тинејџерски години. Иако повеќето изјавиле дека не биле жртви, постои силна веројатност за потценета појава на насилство, особено во случаите на психолошко, вербално и економско вознемирување и злоупотреба. Младите жени и девојки се сè почесто изложени на различни облици на родово базирано насилство и / или вознемирување - особено психолошко, вербално, економско и дигитално, кои, иако се најзастапени, остануваат најмалку препознаени и санкционирани.
7. Патријархалните ставови и норми, ниското ниво на информираност (знаење) придонесуваат насилството да се нормализира, а често и да се минимизира, особено во семејството и партнерските односи.

8. Насилството се случува насекаде, но домот, улицата и јавните простори претставуваат најризични места каде младите жени се соочуваат со различни форми на насилство. Во домот најзастапени се контролните и економските форми на насилство На улица се бележи највисока појава на сексуално вознемирување и демнење, што ја потврдува несигурноста на жените во јавниот простор. Училиштата и факултетите се жаришта на психолошко и вербално насилство.
9. Стравот, срамот и недовербата во институциите се трите најзначајни фактори што ги спречуваат младите жени и девојки да пријават родово базирано насилство. Недоволната информираност за постапките и достапните услуги се дополнителни фактори кои придонесуваат кон малата веројатност случаите да се пријават. Стравот од осуда, одмазда и стигма, заедно со економската зависност и недостигот од безбедни механизми за анонимно пријавување, ги обесхрабруваат жртвите да побараат помош.
10. Младите жени и девојки главно реагираат преку стратегии на избегнување и самозаштита, а не преку институционални канали. Младите жени и девојки најчесто реагираат во рамките на личната или неформалната мрежа на поддршка, додека институционалното пријавување и барање помош се ретки.
11. Дигиталното насилство станува сè почеста и сериозна форма на насилство, која најмногу ги погодува младите жени и девојки. Најчести форми на насилство во дигиталниот простор се креирањето на лажни профили, навредливи коментари и непосакувани пораки а социјалните мрежи се главниот простор каде младите жени и девојки доживуваат или сведочат родово базирано насилство и/или вознемирување.
12. Комбинацијата од анонимност, брзо ширење и неинформираност создава средина во која родовото базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор лесно се репродуцира.
13. Пријавувањето на онлајн насилството е многу ретко поради недоверба во институциите, недоволна информираност и препознавање на насилството, како и неефикасни механизми за заштита.
14. Младите жени и девојки очекуваат интегриран систем на превенција и поддршка во случаи на родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор, кој вклучува институционална реакција, јасни правила за користење на платформите, технолошки алатки за заштита и континуирана едукација.

## Препораки

1. Создавање на јасни протоколи за постапување, обука на службени лица и брза реакција. За зголемување на безбедност потребни се брза и ефикасна институционална реакција по пријава, континуирана поддршка и зајакнување на системите за заштита и полициско присуство во јавниот простор.
2. Ефикасност и мултисекторска соработка на институциите со што ќе обезбеди побрз и покоординиран одговор преку обезбедување обучени лица во секоја полициска станица, обвинителство и центри за социјална работа за сензитивно и професионално постапување со случаи на насилство, како и доволно човечки и финансиски ресурси за функционални услуги како шелтери и бесплатна психолошка помош и поддршка.
3. Вонинституционална поддршка на жртвите од родово базирано насилство и/или вознемирување преку поддршка на граѓанските организации и младинските центри кои работат со жртви на насилство.
4. Воведување програми за работа со сторителите, кои ќе овозможат ресоцијализација и намалување на ризикот од повторување на насилството.
5. Задолжителни образовни програми во училиштата: Воведување на едукација за родови улоги, превенција на насилство и сексуално образование од помали возрасти, со активно вклучување на родителите за емоционална и практична поддршка на децата и преку интегрирање на пристапи што активно ги вклучуваат мажите и момчињата преку промовирање на позитивна машкост, емпатија и почитување на родовата еднаквост
6. Развивање на конкретни програми и активности за младите, кои ќе ги насочуваат кон позитивен и едукативен ангажман.
7. Едукативни програми за препознавање, превенција и пријавување на родовото базирано насилство и/или вознемирување, сексуално образование, со активно вклучување на родителите.
8. Јакнење на јавната свест преку кампањи и позитивни примери, со цел поттикнување доверба кај жртвите и промовирање култура на одговорност и нулта толеранција кон насилството.
9. Младите жени и девојки треба да добиваат континуирана едукација за дигитална писменост. Покрај тоа, младите мора да добиваат континуирана едукација за пријавување на родово базирано насилство и злоупотреба на лични податоци. Тие треба да се запознаат со улогата на одговорните институции како што се училиштата, полицијата и народниот правобранител и со постапката за пријавување на родово базирано насилство.
10. Дигитална платформа за поддршка: Обединување на жртви, стручни лица и институции на едно место, со можност за споделување искуства, информации за ресурси и практични совети, вклучително и анонимни опции за заштита и мотивација на жртвите. Проширување на напорите за информирање и едукација преку канали прилагодени за младите, вклучувајќи мобилни апликации и платформи на социјалните медиуми, за ефикасно вклучување на младите луѓе во спречувањето на родово базирано насилство.

# МЕТОДОЛОГИЈА И ОБЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО



## Цел на истражувањето

Главните цели на истражувањето се:

- Испитување на преваленцијата и различните форми на насилство врз младите жени и девојкина возраст од 18 до 29 години во јавниот живот, и онлајн и офлајн.
- Истражување како насилството се манифестира во различни средини, вклучувајќи образовни институции, работни места, јавни простори, општествени средини и дигитални платформи.
- Истражување како пресечните (интерсекциски) идентитети, вклучувајќи ја етничката припадност (на пример кај Ромките), попреченоста, местото на живеење (урбан/рурален) и социоекономскиот статус, влијаат врз природата и интензитетот на насилството.
- Идентификување на пречките за пристап до заштита и правда, вклучувајќи ги причините за недоволно пријавување, страв од одмазда, повторна виктимизација, недоверба кон институциите и недостаток на достапни, пријателски настроени услуги за поддршка на младите и квалитет на институционална поддршка.
- Анализирање на клучните фактори кои придонесуваат за родово базирано насилство, вклучувајќи штетни родови норми, родови стереотипи кои влијаат врз РБН, празнини во институционалната и законската заштита, онлајн средина што овозможува вознемирување и злоупотреба и ограничен пристап до ресурси, информации или можности што ја намалуваат нивната способност да побараат поддршка или да преземат акција.
- Механизми за справување за жртвите на родово базирано насилство (конструктивни или потенцијално штетни).

# Методологија на истражување

## Квантитативно истражување

Целна група на ова истражување беа млади жени и девојки на возраст помеѓу 18 и 29 години од Република Северна Македонија. За потребите на ова истражување, беше развиен репрезентативен примерок со користење на стратификувано повеќестепено земање примероци со веројатност пропорционална на проценетата големина на популацијата. Пред изборот на примерокот, единиците на примерок беа распределени низ стратумите според пропорциите во популацијата опфатена со истражувањето. На тој начин беше обезбеден репрезентативен примерок за структурата на целната популација, од аспект на етничка припадност, пол, возрасна група, место на живеење (урбано/рурално) и статистички регион

Во примерокот беа вклучени вкупно 600 испитанички и грешката на примерок изнесува 3,94% со ниво на доверба од 95%[1].

Спроведувањето на интервјуата со испитаничките беше направено по пат на компјутерско потпомогнато лице-в-лице интервју со испитаничката во сопствениот дом. Интервјуата беа спроведувани на македонски или на албански јазик.

## Квалитативно истражување

Во рамките на квалитативното истражување беа организирани четири (4) дискусии во фокус групи со претставници и претставнички на граѓански организации и на Советот на млади на Претседателката на Северна Македонија. Примерокот за фокус групите беше составен од вкупно 24 учесници/учеснички, распределени во четири групи, претставувајќи граѓански организации кои работат на теми поврзани со младински активности, образование и заштита од РБН и семејно насилство. Учесниците/учесничките претставуваа седум различни организации, и тоа: (1) Совет на млади, (2) Сојуз на средношколци, (3) НЕЦИ - Мрежа за европско граѓанство и идентитет Северна Македонија, (4) Стела, (5) Хуманитарно здружение Мајка Куманово, (6) Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство и (7) Центар Кортекс.

1 Грешката на примерокот е пресметана со формулата $E = 1,96 \times \sqrt{p(1-p)/n}$, при што за $p = 0,5$ и $n = 600$ изнесува ±3,94% при ниво на доверба од 95%.

## Резултати

Анализата се заснова на наодите собрани преку анкета и фокус групи со млади жени и девојки на возраст од 18 до 29 години. Делот дава преглед на наодите по одделни области, вклучувајќи:

- Перцепција и ставови поврзани со родово базирано насилство и институционален контекст
- Форми и распространетост на родово базирано насилство и/или вознемирување
- Онлајн средина и дигитално насилство

## Перцепција и ставови поврзани со РБН и институционален контекст

### Оценка на безбедносна ситуација

Од младите жени и девојки беше побарано да ја оценат безбедноста во јавниот простор односно да проценат колку често се почувствувале небезбедно во истиот како жена или девојка. Три од четири испитанички, односно 74% се почувствувале небезбедно во јавен простор поради тоа што се жени или девојки односно, само 27% изјавиле дека никогаш не се почувствувале небезбедно во јавниот простор поради нивниот пол.

**Графикон 1:**
**Чувство на безбедност во јавен простор**



Наодите по возрасните групи не укажуваат на значајни разлики во чувството на безбедност кај различните подгрупи на младите жени и девојки. Иако, младите жени и девојки од урбаните средини во нешто повисок процент изјавиле дека понекогаш и ретко се почувствувале небезбедно, споредено со младите жени и девојки од руралните средини, сепак не постои значајна статистичка разлика во чувството на безбедност помеѓу двете под-групи на млади жени и девојки.

Гледано според етничката припадност младите Албанки во значително повисок процент (90%) се почувствувале барем во некој момент небезбедно во јавниот простор споредено со младите Македонки (66%), рамки (77%) и припаднички на останатите етнички заедници (74%).

Значајни разлики во чувството на безбедност се јавуваат помеѓу испитаничките кои доаѓаат од семејства со понизок економски статус (измерено преку месечните семејни примања) споредено со оние кои доаѓаат од семејства со повисок економски статус. Имено, кај првата група на млади жени и девојки, чувството на небезбедност во јавниот простор се појавил кај 9 од 10 испитанички (88%) споредено со 67% од млади жени и девојки од семејства со повисоки примања кои се почувствувале небезбедно во јавниот простор.

Блиску поврзано со чувството за безбедност во јавниот простор е и дали таквото чувство понекогаш ги натерало младите жени и девојки да избегнат некоја активност поради страв од насилство. Секоја четврта млада жена и девојка (27%) изјавува дека од својата 15 годишна возраст избегнала некоја активност или место поради страв од родово базирано насилство и/или вознемирување. Загрижува што една од четири испитанички (25%) одговорила дека не се сеќава дали избегнала некоја активност или место поради страв од родово базирано насилство и/или вознемирување.

**Графикон 2:**
**Избегната активност/
место поради страв од РБН**

## Дали некогаш (од вашата 15 годишна возраст) сте избегнале некоја активност или место поради страв од родово базирано насилство и/или вознемирување?




Гледано по возрасни групи, младите жени и двојки на возраст од 18 до 21 години во значително повисок процент (32%) изјавуваат дека избегнале некоја активност или место поради страв од родово базирано насилство и/или вознемирување од оние на возраст од 26 до 29 години (22%). Анализата на резултатите според етничката припадност на испитаничките покажува дека дури 57% Ромки избегнале некоја активност или место поради страв од родово базирано насилство и/или вознемирување споредено со значителен понизок процент на Македонки (24%), Албанки (31%) и припаднички на останатите етнички групи (21%).

Понатамошната анализа на податоците покажува дека одредени групи на млади жени и девојки имаат поголема веројатност да избегнуваат активност или место поради страв од РБН и/или вознемирување. Овие групи ги вклучуваат:

- Млади жени и девојки кои доаѓаат од семејства со понизок економски статус (семејни примања до 24 илјади денари) – 43%,
- Млади жени и девојки без формално образование ( или со основно образование (49%),
- Млади жени и девојки од североисточниот регион (42%), југоисточниот (38%) и вардарскиот регион (35%).

### Работа на институциите во заштита од РБН

Според резултатите од квантитативното истражување во однос на довербата во институциите кога станува збор за заштита од родово базирано насилство и/или вознемирување, младите жени и девојки имаат највисока доверба во образовните (67%) и здравствените установи (62%), следени од полицијата (55%), центрите за социјална работа (51%) и граѓанските организации (50%).

Од друга страна, младите жени и девојки имаат најниска доверба во судовите - 27% од испитаничките изјавиле дека воопшто немаат доверба во оваа институција и јавното обвинителство – 20% изјавиле дека немаат доверба во оваа институција

**Графикон 3:**
**Доверба во институциите**

## До кој степен имате доверба во следните институции и организации, кога станува збор за заштита од родовото базирано насилство или вознемирување?



Наодите од квалитативното истражување укажуваат дека довербата во институциите е многу ниска, односно дека речиси и не постои. Според мислењето на учесниците/учесничките во групните дискусии, таа недоверба генерално произлегува од чести случаи на неефикасна реакција, долготрајни постапки и недоволна заштита на жртвите, што создава чувство дека пријавувањето нема реален ефект. Дополнително, жртвите често избираат да останат анонимни или воопшто да не пријават поради страв од осуда, срам и можни последици од насилникот. Недостигот на стручни и сензибилизирани кадри дополнително ја влошува ситуацијата, бидејќи институциите често постапуваат формално, без емпатија и разбирање.

### Клучни институции за справување со РБН

Полицијата и центрите за социјална работа треба да имаат клучна улога во справувањето со родовото базирано насилство и/или вознемирување според мислењето на младите жени и девојки. Имено 69% од испитаничките ја навеле полицијата како клучна институција во справувањето со РБН и/или вознемирување, следено од 61% од испитанички кои ги навеле центрите за социјална работа. И во однос на процентот на првоспомената, овие две институции – полицијата и центрите за социјална работа имаат највисока застапеност со 31% и 22% од одговорите, соодветно.

**Графикон 4:**

**Клучна улога во справување со РБН**

## Кои институции и/или организации според вас треба да имаат клучна улога во справувањето со родовото базирано насилство и/или вознемирување?




Мислењето за тоа кои институции треба да имаат клучна улога во справувањето со РБН и/или вознемирување се разликува помеѓу различни групи на млади жени и девојки, кои сметаат дека:

- Млади жени и девојки од руралните средини во поголем процент (20%) сметаат дека здравствените установи треба да имаат клучна улога споредено со испитаничките од урбаните средини (11%), кои пак од своја страна сметаат дека образовните институции треба да имаат клучна улога (27%) споредено со 19% од испитаничките во руралните средини кои го делат ова мислење.

- Скоро сите испитанички Ромки (97%) ја навеле полицијата како институција која треба да има клучна улога во справувањето со РБН и /или вознемирување што е значително повисок процент отколку кај припадничките од останатите етнички заедници. Албанките во поголем процент и даваат важност на локалната самоуправа (20%) во справување со РБН споредено со Македонките (9%), кои пак од друга страна сметаат дека центрите за социјална работа треба да имаат клучна улога (65%) споредено со 54% од Албанките кои го делат истото мислење.
- Млади жени и девојки со високо образование во поголем процент (19%) сметаат дека граѓанските организации треба да имаат клучна улога споредено со само 3% млади жени и девојки кои во рамките на целосниот примерок на испитанички го делат ова мислење.

Улогата на полицијата како клучна државна институција во справување со родовото базирано насилство беше потенцирана и во групните дискусии од квалитативното истражување. Сепак, според сознанијата на учесниците/учесничките, улогата на полицијата во пракса е многу слаба и речиси невидлива односно полицијата најчесто реагира дури кога ситуацијата ќе стане алармантна или кога веќе ќе се случи трагедија, додека превентивните активности речиси целосно недостасуваат. Покрај полицијата, се истакна и важноста на Центрите за социјална работа, судовите и јавните обвинителства. Здравствените институции - особено матичните лекари и психолошките служби се идентификувани од страна на учесниците/учесничките во фокус групите како први кои можат да препознаат знаци на насилство.

Во делот на превенцијата, учесниците/учесничките потенцираа дека училиштата и универзитетите треба да имаат поголема улога преку воведување на образовни и едукативни програми кои ќе ги подигнат свеста и знаењето на младите за тоа што претставува насилство и како да реагираат. Согласно некои од учесниците/учесничките, таквите практики веќе постои во одредени училишта и се оценети како позитивен пример кој треба да се прошири и систематизира.

Кога станува за реакцијата на институциите во спречување и казнување на родовото базирано насилство и/или вознемирување врз млади жени и девојки, мислењата на испитаничките се поделени. Имено 51% од испитаничките сметаат дека институциите целосно или делумно соодветно реагираат на спречување и казнување на РБН додека 40% од испитаничките не го делат тоа мислење, што е исклучително висок процент.

**Графикон 5:**

**Соодветна реакција од институциите**

## Дали сметате дека институциите кај нас соодветно реагираат кога се работи за спречување и казнување на родово базирано насилство и/или вознемирување врз млади жени или девојки?




Анализата на податоците на ова прашање покажува дека значително повисок процент на испитанички кои сметаат дека институциите не реагираат соодветно кога се работи за спречување и казнување на РБН и/или вознемирување врз млади жени или девојки има помеѓу оние без формално и основно образование, Ромките и испитаничките кои имаат повисок економски статус односно доаѓаат од семејства со повисоки месечни семејни примања.

Наодите од квалитативното истражување покажуваат дека она што најмногу недостасува во постапувањето на институциите е брзата и навремена реакција, како и сериозен и чувствителен пристап кон жртвите. Учесниците/учесничките истакнуваат дека многу жени имаат чувство дека институциите не ја сфаќаат насилничката ситуација како сериозен проблем, што ја поткопува нивната доверба и ги охрабрува да го кријат насилството или да не го пријавуваат.

Недостасува и координација меѓу институциите - полицијата, судовите, јавното обвинителство и центрите за социјална работа често не разменуваат информации навремено, случаите се одложуваат или занемаруваат, а жртвите остануваат сами, без психолошка, социјална или финансиска поддршка. Недостатокот на специјализирани служби и ресурси дополнително ја влошува ситуацијата, оставајќи ги жртвите ранливи и без соодветна заштита.

### Знаења поврзани со РБН

Повеќето млади жени и девојки (71%) имаат доволно или делумно информации за да препознаат родово базирано насилство и/или вознемирување. Сепак, секоја четврта млада жена или девојка (27%) изјавува дека нема доволно информации за да го препознае и да се побара заштита од РБН.

Согласно учесниците/учесничките во групните дискусии, многу девојки не се свесни дека се жртви на родово базирано насилство и / или вознемирување, особено кога станува збор за психолошки или економски форми – контролирачко однесување, љубомора, ограничување на финансиите или на личната слобода. Овој вид родово базирано насилство и / или вознемирување често се прикрива под маската на „љубов“, „грижа“ или „нормално однесување“ во врска, што води до создавање токсични односи во кои младите жени и девојки постепено ја губат самодовербата и способноста да препознаат дека се злоупотребувани.

**Графикон 6:**
**Информации за РБН**

**Дали сметате дека вие имате доволно информации да препознаете родово базирано насилство и/ или вознемирување и да побарате заштита?**



Процентот на млади жени и девојки кои немаат доволно информации за родово базирано насилство и како да побараат заштита е особено загрижувачки помеѓу Ромките (47%), како и оние без формално образование (50%) или со основно образование (49%).

Според мислењето на испитаничките, стравот, недовербата во институциите и срамот се најчесто наведените причини зошто родовото базирано насилство и/или вознемирување не се пријавува.

**Графикон 7:**

**Причини за не пријавување на РБН**

## Кои се најчестите причини зошто родово базирано насилство и/или вознемирување не се пријавува?



Ова беше потврдено и со квалитативното истражување каде главните причини зошто младите жени и девојки не пријавуваат родово базирано насилство се стравот, срамот и недовербата во институциите. Стравот од одмазда, осуда од околината и можноста насилникот да дознае дека жртвата го пријавила ја зголемува несигурноста и ризикот. Срамот, чувството на вина и стравот од јавна стигма ги тераат жртвите да молчат. Недовербата во институциите и уверувањето дека пријавата нема да донесе заштита или казна дополнително ги обесхрабруваат. Важен фактор е и економската зависност - многу млади жени и девојки немаат каде да заминат или средства да се осамостојат. Сето тоа создава круг на молчење, кој може да се прекине само со поголема доверба во системот, ефикасна заштита и промена на општествените ставови кон жртвите.

Иако останатите причини се наведени во помал процент од страна на младите жени и девојки, одредени причини се наведени во значително повисок процент кај одредени групи.

- Притисокот од семејството е наведен во значително повисок процент од страна на Ромките (53%) споредено со вкупниот процент на наведување кај целната популација (25%).
- Недоволната информираност каде да се пријави е наведена како причина во значително повисок процент помеѓу Ромките (37%) и припадничките на останатите помали етнички групи (36%).
- Во поглед на образовниот статус, срамот како причина се јавува во значително повисок процент (66%) кај младите жени и девојки со основно образование споредено со испитаничките кои имаат високо образование.
- Немањето пристап до бесплатна поддршка, пак, се наведува како причина во значително повисок процент (31%) од страна на испитаничките со високо образование.

Свесноста за постоење и достапноста на младински и родовно чувствителни сервиси за поддршка на жртвите од родово базирано насилство и/или вознемирување е на релативно ниско ниво. Половината од младите жени и девојки мислат дека не постојат (30%) или не знаат дека постојат (21%) односно не можат да проценат. Само 7% од младите жени и девојки знаат дека постојат такви сервиси и сметаат дека се достапни, додека дополнителни 42% изјавиле дека се свесни дека постојат но сметаат дека не се доволно достапни.

**Графикон 8:**

**Свесност за постоење на сервиси**

## Дали сметате дека постојат достапни, младински и родово чувствителни сервиси за поддршка на жртвите од родово базирано насилство и/или вознемирување?




Особено ниска е свесноста за постоење и достапност на ваквите сервиси кај најмладите (18 до 21 година) и Ромките. Во однос на образовниот статус, младите жени и девојки без формално или со основно образование во значително повисок процент изјавуваат дека не знаат за постоењето на младински и родово чувствителни сервиси за поддршка на жртвите од родово базирано насилство и/или насилство.

Во оваа насока, мислењето на учесниците/учесничките во групните дискусии е дека граѓанските организации треба да имаат улога и во обезбедување практична помош - психолошка поддршка, правна советодавна служба, шелтер-центри и образовни програми - особено таму каде што државата нема капацитет. Само преку континуирана поддршка, јавно видливи резултати и координирана работа со институциите може да се создаде чувство на сигурност кај жртвите и да се охрабрат да пријавуваат, знаејќи дека нема да останат сами во процесот.

## Ставови за РБН

Во анкетата, младите жени и девојки беа прашани до кој степен се согласуваат или не, со низа искази во врска со родовите улоги и интеракциите помеѓу мажите и жените. Во поглед на основните ставови поврзани со родовото базирано насилство, повеќето млади жени и девојки не се согласуваат (61%) со ставовите дека семејното насилство е приватна работа и треба да остане во семејството, дека насилството е предизвикано од самата жртва (67%) и дека жените измислуваат или претеруваат со тврдењата за злоупотреба (65%). Мислењата за тоа дали жените се почесто силувани од страна на непознати отколку од страна на оние што ги познаваат се поделени. Имено 27% од испитаничките се согласуваат со овој исказ додека 34% не се согласуваат со истиот.

**Графикон 9:**

**Основни ставови за РБН**



Иако степенот на согласност со наведените изјави е релативно низок, постојат одредени групи на млади жени и девојки каде овие негативни стереотипи се поизразени. Дека семејното насилство е приватна работа и треба да се решава внатре во семејството е мислење кое е повеќе застапено кај младите Албанки и Ромки, младите жени и девојки кои се повремено/неформално вработени или пак се невработени и кај испитаничките кои доаѓаат од семејства со понизок економски статус, односно семејни месечни примања до 30.000 денари. Мислењето пак, дека насилството е често предизвикано од самата жртва, повеќе од просекот преовладува кај испитаничките од албанска етничка припадност, и оние кои се повремено/неформално вработени и невработени со семејни примања до 24.000 денари.

Со исказот дека жените и девојките кои велат дека се злоупотребени често претеруваат со тврдењата, во значително повисок процент се согласуваат испитаничките од руралните средини (14%), без формално образование (17%) и невработени (16%) или пак повремено/неформално вработените (15%) со семејни примања до 24.000 денари (30%).

Податоците укажуваат дека верувањата во женската покорност и послушност се малку застапени помеѓу младите жени и девојки опфатени со истражувањето. Најголемиот дел од анкетираните млади жени и девојки не се согласуваат со исказот дека обврска на жената или партнерката е да има сексуални односи со својот партнер дури и кога не сака (80%), и дека е важно мажот да и покаже на својата партнерка кој е главниот во врската (75%).

Значително повисоки проценти на согласување помеѓу младите жени и девојки има кај изјавите кои го нормализираат насилството и ја префрлаат вината на жртвата:

- Дури 31% од испитаничките се согласуваат со изјавата дека девојките кои се облекуваат провокативно привлекуваат насилно однесување,
- Секоја четврта млада жена или девојка (24%) се согласува со изјавата дека доколку девојката се расправа или се брани тоа само го влошува однесувањето на партнерот,
- Секоја петта испитаничка (20%) се согласува со изјавата дека непосакуван коментар со сексуална конотација не е сексуално вознемирување.

Конечно, повеќето млади жени и девојки (66%) се согласуваат дека други луѓе надвор од семејството треба да интервенираат доколку партнерот е насилен кон својата партнерка, како и со правото на избор на пријатели од страна на жената дури и ако нејзиниот партнер не се согласува со тој избор (71%).

**Графикон 10:**

**Норми и прифатливи поведенија**

## Колку се согласувате со следниве изјави, каде што 1 значи ,,воопшто не се согласувам“ додека 5 значи ,,потполно се согласувам“?



Во последната секција во која се испитуваа различните ставови на младите жени и девојки кон родовото базирано насилство и/или вознемирување ги истражуваме перцепциите за подложноста на насилство кон различни ризични групи на млади жени и девојки. Сите фактори (статус, припадност, попреченост, место на живеење) се сметаат за важни во перцепцијата на ризик од родово базирано насилство. Сепак, социоекономскиот статус е најсилно препознаен фактор, и во однос на изложеност и третман. Скоро половината од испитаничките се согласуваат со изјавите дека девојки и млади жени со понизок социоекономски статус се повеќе изложени на родово базирано насилство и /или вознемирување (46%), и дека социоекономскиот статус влијае врз тоа како се третираат кога се жртви на родово базирано насилство (46%).

Според изразените ставови, етничката припадност исто така влијае врз ризикот и третманот на жртвите од родово базирано насилство – 42% од испитаничките се согласуваат со изјавата дека девојки и млади жени од одредени етнички групи се повеќе изложени на ризик од родово базирано насилство и/или вознемирување и 37% се согласуваат со изјавата дека етничката припадност влијае врз тоа како се третираат жртвите од насилство.

**Графикон 11:**

**Ставови кон ризични групи на млади жени и/или девојки**

## Колку се согласувате со следниве изјави, каде што 1 значи ,,воопшто не се согласувам“ додека 5 значи ,,потполно се согласувам“?



Младите жени и девојки со попреченост имаат поголема веројатност да бидат изложени на ризик од родово базирано насилство – ова е став со кој се согласуваат 41% од испитаничките. Релативно висок процент на несогласување укажува дека постојат и поделени мислења за некои аспекти. Така, на пример, 28% не се согласуваат дека младите жени и девојки од руралните средини се повеќе изложени на ризик од родово базирано насилство, додека 37% го сметаат спротивното, односно дека оваа група на млади жени и девојки има поголема веројатност да биде изложена на ризик од родово базирано насилство и/или вознемирување.

## Форми и распространетост на РБН и/или вознемирување

### Најголеми проблеми

Финансиските проблеми односно економската нестабилност е најчесто наведуван проблем со кој се соочуваат младите жени и девојки – секоја четврта испитаничка (23%) го наведува овој проблем како првоспоменат и воедно е проблем кој е наведен од страна на 30% од интервјуираните млади жени и девојки. Веднаш по овој проблем, како втор проблем е наведено чувството на небезбедност во јавниот простор – 16% го наведуваат овој проблем, следен од проблеми поврзани со менталното здравје и чувството на небезбедност во онлајн просторот – проблеми кои се наведени од 12% од младите жени и девојки.

**Графикон 12:**

**Најголеми проблеми**

## Кој е најголемиот проблем со кој се соочувате во моментов?



Анализата по демографски карактеристики покажува дека одредени групи на млади жени и девојки се повеќе афектирани од одредени проблеми:

- Очекувано финансиските проблеми и економската нестабилност се особено наведени како најголем проблем со кој се соочуваат повремено вработените / неформално вработените млади жени и девојки (41%), како и невработените (37%). Во поглед на етничката припадност младите жени и девојки од ромска етничка припадност во значителен повисок процент (60%) го наведуваат овој проблем како најголем проблем со кој се соочуваат.
- Проблеми со ментално здравје се почесто наведени од страна на младите жени и девојки на возраст од 22 до 25 години (17%), додека пак, чувството на небезбедност во онлајн просторот, како што е онлајн вознемирувањето, сајбер булингот е значително повеќе наведен (16%) кај најмладите интервјуирани девојки на возраст од 18 до 21 година.
- Иако чувството на небезбедност дома е наведен на вкупно ниво во прилично мал процент на случаи (5%), овој проблем е наведен од двократно поголем процент (10%) на испитанички од ромска и албанска етничка припадност.
- Дискриминацијата како проблем е особено значаен кај младите жени и девојки во рурални средини кои го навеле во 13% од случаите, споредено со само 8% наведен проблем кај младите жени и девојки во урбаните средини.

## Чувство на безбедност во јавен простор

Од младите жени и девојки беше побарано да изберат колку безбедно се чувствуваат на различни места во јавниот простор. Општиот наод е дека младите жени и девојки се чувствуваат помалку безбедни на поголеми и виртуелни места (како што е дигиталниот простор). Така, 44% од младите жени и девојки се чувствуваат небезбедни во дигиталниот простор, потоа следуваат 37% кои се чувствуваат небезбедни на јавни места како што се плоштади, паркови и улици и 34% кои се чувствуваат небезбедно во јавниот превоз. За разлика, 89% од младите жени и девојки се чувствуваат безбедно во нивното соседство и 79% во нивниот град/село и во образовните институции.

**Графикон 13:**
**Чувство на безбедност**




## Преваленција на насилство

Насилството меѓу младите е една од клучните грижи не само во Северна Македонија, туку и во земјите од Западен Балкан и на меѓународно ниво. Насилството во национален контекст е дефинирано во националната стратешка рамка како: „сите видови на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреба, занемарување или немарен однос, малтретирања или експлоатација на дете, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба.“[2]. Во следниот дел, насилството ќе биде општо анализирано користејќи ги резултатите од истражувачката студија.

2 Национална стратегија за превенција и правда за децата во Република Северна Македонија (2022 – 2027) и Акционен план (2022 – 2023) достапни на: http://dspdp.com.mk/vesti/promocija-na-nacionalnata-strategija-za-prevencija-i-pravda-za-decata-2022-2027/

Согласно резултатите од истражувањето, 34% од испитаничките изјавиле дека доживеале некаков вид на родово базирано насилство, додека 43% изјавиле дека биле сведоци на родово базирано насилство. Резултатите покажуваат дека најраспространети форми на насилство се вербалното и психолошкото насилство, додека сексуалното насилство и сексуалното вознемирување се најмалку пријавени. Најголем дел од испитаничките (33%) изјавиле дека биле сведоци на вербално насилство, а 24% дека лично го доживеале. Следува психолошкото насилство, со 24% сведоци и 16% директни жртви. Овие податоци укажуваат дека ваквите форми на насилство се најчести, но и најнормализирани во секојдневната комуникација. Младите жени и девојки често не ги препознаваат вербалните навреди, понижувања или манипулации како насилство, што укажува на потреба од поголема свесност за емоционалните облици на злоупотреба.

Физичкото насилство е пријавено од 12% жртви и 22% сведоци, што укажува дека овој тип насилство е препознатлив, но сè уште подложен на непријавување, особено кога станува збор за „поблаги" форми.

Контролирачкото однесување од партнер е забележано кај испитаничките, и тоа 13% како сведоци и 7% како жртви. Овој резултат укажува на постоење на контролирачки и манипулативни модели на однесување во интимните односи, кои не секогаш се препознаваат како насилство.

Економското насилство е застапено подеднакво кај испитаниците, со по 8% и како сведоци и 8% како жртви, што укажува дека младите жени и девојки веќе се соочуваат со форми на финансиска контрола, зависност или ограничување на можностите.

Во однос на сексуалното вознемирување (7% жртви, 7% сведоци) и сексуалното насилство (1% жртви, 2% сведоци), податоците покажуваат релативно ниска пријавеност. Сепак, овие бројки треба да се толкуваат со претпазливост, бидејќи сексуалното насилство често останува непријавено поради срам, страв и социјална стигма.

Конечно, демнењето и следењето е пријавено од испитаничките со 6% како жртви и 8% како сведоци, што може да биде поврзано со растечките форми на следење и контрола преку социјални мрежи, форма која младите жени и девојки често ја потценуваат.

Наодите од квалитативното истражување укажуваат дека проблемот со насилството дополнително се продлабочува поради конзервативниот менталитет, културолошките бариери и недоволната едукација, кои придонесуваат насилството да се смета за срам и да се прифаќа како нормален дел од секојдневието. Затоа, учесниците/учесничките се согласуваат дека најчести и најзагрижувачки форми на родово базирано насилство и / или вознемирување кај младите жени и девојки се психолошкото и дигиталното, бидејќи тие се најскриени, најтешко препознатливи и најретко санкционирани.

**Графикон 14:**
**Преваленција на насилство**

## Дали некогаш (од вашата 15 годишна возраст) сте биле жртва на некаков вид на родово базирано насилство и/или вознемирување во јавен простор (училиште, факултет, улица, на работа, во институции)? За секој од следниве облици на насилство, ве молиме одговорете со да, не или не сум сигурна



Кај повеќето форми на насилство е забележана поголема преваленција кај младите жени и Ромки – 27% искусиле физичко насилство, 40% психолошко насилство, и високи 47% искусиле вербално насилство. Сексуалното вознемирување е повеќе од просек забележано кај младите жени и девојки од руралните средини (10%) и младите Албанки (10%).

Наодите од квалитативното истражување ги потврдуваат резултатите дека одредени групи на млади жени и девојки се поранливи и изложени на поголем ризик. Согласно мислењето на учесниците/учесничките во групните дискусии, најчесто тоа се девојки кои потекнуваат од дисфункционални семејства, рурални и затворени средини, ромската етничка заедница, како и жени со различни видови попреченост. Дополнително, економската зависност, ниското ниво на образование и недостигот од свесност за тоа што претставува насилство се меѓу најчесто споменуваните фактори кои придонесуваат одредени млади жени и девојки да бидат повеќе изложени на родово базирано насилство и/или вознемирување.  Не може со ова да се дополни. Кај овие групи насилството често е нормализирано и општествено прифатено, а пристапот до институции и услуги е ограничен. Недостигот од поддршка и недовербата во системот придонесуваат тие ретко да пријавуваат случаи на насилство. Исто така, многу млади жени и девојки не препознаваат психолошко, економско или дигитално насилство, бидејќи недостасува едукација и јасни упатства за границите на нормално и неприфатливо однесување. Ова дополнително го отежнува пријавувањето и навременото постапување.

## Форми на насилство

Резултатите од истражувањето покажуваат дека различните форми на насилство се јавуваат во различни опкружувања, при што најчесто се присутни психолошкото, вербалното и сексуалното насилство. Во домот, најзастапени се контроличкото однесување и економските форми на насилство (49% и 65%), што укажува на присутна зависност и контрола во интимните односи. Домот, иако треба да претставува безбедно место, се јавува како најризичен простор за млади жени и девојки во однос на интимно партнерско насилство.

Во јавниот простор, особено на улица, се забележува највисока појава на сексуално вознемирување (64%) и демнење (68%), што потврдува дека жените често се изложени на непожелни коментари, следење и вознемирување во секојдневното движење. Јавниот превоз, парковите и кафулињата, исто така, претставуваат ризични места за сексуално вознемирување, особено во вечерни часови.

Образовните установи (училиште и факултет) покажуваат висока застапеност на психолошко и вербално насилство (до 45%), што укажува на присуство на врсничко малтретирање и дискриминаторски однесувања во академската средина. Во училиштата е присутно и демнење (26%), што може да се поврзе со дигитално вознемирување или социјална изолација. Во работната средина се забележува психолошко (14%) и економско насилство (15%), што најчесто се манифестира како мобинг, притисок или ограничување на професионалните можности. Во домовите на пријатели и во студентските домови, иако процентите се пониски, сексуалното вознемирување (43%) останува значителен ризик.

Овие податоци покажуваат дека насилството врз младите жени и девојки е широко распространето и се појавува во различни облици во зависност од контекстот и просторот каде се случува.

**Табела 1:**

**Места на насилство**

## Ве молам да ми кажете каде сте го доживеале родово базирано насилство и/или вознемирување.

| Каде сте го доживеале насилството | Физичко насилство (N=72) | Психолошко насилство (N=96) | Вербално насилство (N=141) | Сексуално вознемирување (N=39) | Сексуално насилство (N=7) | Економско насилство (N=48) | Демнење / следење (N=38) | Контролирање од партнер (N=39) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дома | 24% | 24% | 18% | 15% | 14% | 65% | 13% | 49% |
| Во соседството | 14% | 8% | 14% | 13% | 43% | 8% | 11% | 3% |
| Училиште | 38% | 45% | 39% | 13% | | 6% | 26% | 15% |
| Факултет | 4% | 5% | 4% | 5% | 14% | 4% | 3% | |
| Болница | 7% | 1% | 3% | 5% | 14% | 2% | | 5% |
| Парк | 11% | 7% | 20% | 26% | 29% | 8% | 26% | 15% |
| Улица | 21% | 35% | 53% | 64% | 29% | 2% | 68% | 26% |
| Кафуле, ресторан или клуб | 10% | 11% | 21% | 13% | 29% | | 18% | 31% |
| Паркинг место | 10% | 5% | 9% | 15% | 43% | 2% | 3% | 3% |
| Јавен превоз | 8% | 9% | 6% | 13% | | 2% | 3% | 8% |
| Полициска станица | 3% | 1% | 1% | 3% | 14% | | | |
| Во куќа на пријател/пријателка | 8% | 5% | 4% | 3% | | 4% | 3% | 23% |
| Работно место | 4% | 7% | 11% | 5% | 29% | 15% | 5% | 13% |
| Интернат/студентски дом | 6% | 4% | 2% | 3% | | | 8% | 5% |

## Пријавување на насилство

Висок процент на млади жени и девојки (89%) кои доживеале (34% од испитаничките) или биле сведок на родово базирано насилство и/или вознемирување (43%) не го пријавиле истото. Овој податок е алармантен и покажува дека насилството најчесто останува скриено. Во контекст на претходните податоци (кои покажуваат висока застапеност на психолошко, вербално и сексуално вознемирување), тоа значи дека голем број жени трпат насилство без да побараат помош. Овој резултат укажува дека жртвите често се оставени сами во процесот на справување со насилството.

**Графикон 15:**
**Пријава на насилство**

### Дали сте го пријавиле инцидентот?




Квалитативното истражување го потврдува ниското ниво на пријавување на насилство. Организациите можат значително да придонесат за зголемување на пријавувањето и довербата во институциите преку создавање реални и видливи примери на успех, долгорочна поддршка и јасна комуникација со јавноста. Учесниците/учесничките истакнуваат дека е важно да се промовираат позитивни приказни - случаи каде што жртвите добиле заштита и правдата е постигната - бидејќи тоа ја гради вербата дека системот може да функционира. Истовремено, потребни се сериозни и континуирани медиумски кампањи, а не краткорочни акции, со цел да се зголеми свесноста и да се охрабри реакција кај граѓаните.

## Причини за непријавување

Најчеста причина за непријавување на насилството од страна на младите жени и девојки кои се јавиле како жртва или сведок на инцидент на родово базирано насилство и/или вознемирување, е стравот (31%) – којшто може да резултира од одмазда на сторителот, губење на приватност, осуда од околината, или недоверба во исходот на постапката. Ова покажува дека жените не се чувствуваат заштитено ниту во правниот, ниту во социјалниот контекст. Втор најчест фактор е недовербата во институции (27%) што укажува на системска слабост на институциите (полиција, социјални служби, судови) и перцепција дека тие нема да преземат ништо или ќе бидат неефикасни, додека дополнително 21% од младите жени и девојки го навеле срамот како причина за непријавување на инцидентот што покажува дека општествените норми и стигмата околу жртвите на насилство сè уште се силно присутни. Младите жени и девојки се плашат од осуда, обвинување или нарушување на угледот.

Значаен дел од испитаничките не знаат каде и како да пријават – 16% од младите жени и девојки кои не го пријавиле инцидентот изјавиле дека причина за тоа е недоволната информираност каде да се пријави истиот, што говори за недостиг на јавна промоција на достапните служби и канали (СОС линии, центри за поддршка).

Учесниците/учесничките од граѓанските организации во дискусии во фокус групите, исто така, го потенцираа овој проблем односно беше напомената дека многу млади жени и девојки не се доволно информирани за тоа што треба да направат, особено кога немаат доверба во полицијата, па граѓанските организации често ја преземаат оваа улога.

Притисокот кои го чувствуваат младите жени и девојки да не го пријават инцидентот се појавува на различни нивоа и според изјавите од испитаничките доаѓа од пријателите/другарките (14%), околината (11%) и семејството (10%).

**Графикон 16:**

**Причини за непријавување**

## Зошто не го пријавивте родовото базирано насилство и/или вознемирување?



Наодите од квантитативното истражување беа потврдени и во групните дискусии. Според учесниците/учесничките во квалитативното истражување, главните причини зошто младите жени и девојки не пријавуваат родово базирано насилство се стравот, срамот и недовербата во институциите. Стравот од одмазда, осуда од околината и можноста насилникот да дознае дека жртвата го пријавила ја зголемува несигурноста и ризикот. Срамот, чувството на вина и стравот од јавна стигма ги тераат жртвите да молчат. Недовербата во институциите и уверувањето дека пријавата нема да донесе заштита или казна дополнително ги обесхрабруваат. Важен фактор е и економската зависност - многу девојки немаат каде да заминат или средства да се осамостојат. Сето тоа создава круг на молчење, кој може да се прекине само со поголема доверба во системот, ефикасна заштита и промена на општествените ставови кон жртвите.

## Механизми на справување

Најчеста реакција по доживеаниот инцидент (како жртва или сведок) кај младите жени и девојки е барање емоционална поддршка во неформални мрежи – 34% од испитаничките кои доживеале инцидент со родово базирано насилство и/или вознемирување изјавиле дека разговарале со некој близок (пријател/пријателка, роднина, наставник/наставничка).

Втор најчест чекор што го преземале е напуштање на насилното опкружување (работа, врска, дом и сл.) – 31% од жртвите и сведоците на насилство го преземале овој чекор што укажува дека значителен процент на млади жени и девојки решаваат самостојно да се заштитат. Барањето психолошка поддршка или советување е позитивен чекор, но низок процент на жртви и сведоци на родово базирано насилство (7%) го направиле тоа.

**Графикон 17:**

**Преземени чекори**

## Што презедовте по доживеаниот инцидент?



## Празнини во институционална и правна заштита

Одговорите на испитаничките кои биле жртви или сведоци на родово базирано насилство и/или вознемирување покажуваат она што најмногу недостасува при постапувањето на институциите во случаите на родово базирано насилство и/или вознемирување е соодветно казнување, заштита на жртвите и брза реакција, што укажува на системска неефикасност и недоверба во институциите.

Најчеста забелешка е дека насилниците не се казнуваат доволно строго или навремено – ова го наведуваат 65% од испитаничките кои биле жртви или сведоци на родово базирано насилство и/или вознемирување. Ова создава чувство на неказнивост и ја намалува довербата во правниот систем и ги обесхрабрува жртвите да пријавуваат.

Дополнително, 56% од испитаничките кои биле жртви или сведоци сметаат дека недостасува заштита и поддршка на жртвата. Ова укажува дека институциите не обезбедуваат доволна психолошка, правна и физичка заштита за жртвите.

Испитаничките сметаат дека институциите реагираат бавно или неефикасно – недостаток кој го навеле 55% од испитаничките кои биле жртви или сведоци на родово базирано насилство. Според мислењето на младите жени и девојки кои се жртви или сведоци на родово базирано насилство и/или возменирување, често доаѓа до одложување на постапките, неажурност и недостиг на координација меѓу службите. Брзата реакција е клучна за спречување на понатамошна штета, но во пракса често изостанува.

Наодите од квалитативното истражување го потенцираат проблемот со брзата реакција. Според мислењето на учесниците/учесничките во групните дискусии, она што најмногу недостасува во постапувањето на институциите е брзата и навремена реакција, како и сериозен и чувствителен пристап кон жртвите. Беше истакнато дека многу млади жени и девојки имаат чувство дека институциите не ја сфаќаат насилничката ситуација како сериозен проблем, што ја поткопува нивната доверба и ги охрабрува да го кријат насилството или да не го пријавуваат.

Информирањето и превенцијата (35%), меѓуинституционалната соработка (31%) и информирани и обучени лица (29%) се останатите аспекти кои се детектирани како недостатоци во постапувањето на институциите во случаите на родово базирано насилство и/или вознемирување.

**Графикон 18:**

**Празнини во институционална и правна заштита**

## Според вас, што најмногу недостасува во постапувањето на институциите во случаите на родово базирано насилство и/или вознемирување?




### Фактори за поголема безбедност

Во поглед на прашањето за тоа кои фактори би придонеле за поголема безбедност на младите жени и девојки во јавниот простор, резултатите покажуваат дека испитаничките најчесто ја нагласуваат потребата од поактивни институции, побрза реакција и зголемено полициско присуство, но истовремено и од едукативни и информативни активности кои ќе го променат општествениот однос кон насилството.

Најчесто посочена мерка е побрза реакција од надлежните институции (48%). Ова го потврдува впечатокот дека постојните институции реагираат бавно, што го зголемува чувството на несигурност.

Поддршка од институции (социјални служби, полиција, судство) е втората најчесто наведена мерка (46%), што укажува дека младите жени очекуваат постојана институционална поддршка, не само во моментот на пријава, туку и понатаму – психолошка, правна и социјална.

Поголемо полициско присуство и подобро осветлување и безбедносна инфраструктура (видео надзор) се наведени како мерки од страна на 34% односно 33% од младите жени и девојки.

**Графикон 19:**

**Фактори за поголема безбедност**

## Што би помогнало за поголема безбедност на младите жени и девојки во јавниот простор?



## Пристапност на институциите

Како институциите можат да станат попристапни и подоверливи за младите жени и девојки, што е клучно прашање во подобрувањето на институционалниот одговор на родовото базирано насилство и/или вознемирување беше прашање што им беше поставено на младите жени и девојки.

Резултатите ја рефлектираат перцепцијата на младите жени и девојки за тоа што недостига во институционалниот пристап кон нивните потреби. Највисоко рангирани се барањата за доверливост, лесен пристап и отворена комуникација, што укажува на недостиг на транспарентност и блискост меѓу институциите и младите жени и девојки.

Најчест одговор е институциите да ја гарантираат доверливоста и заштита на личните податоци што укажува дека младите жени и девојки не се чувствуваат безбедно да споделат лични информации при пријавување на насилство или барање помош. Недовербата во системот за заштита на податоци ја поткопува подготвеноста да се побара институционална поддршка.

Повеќе од половината (52%) млади жени и девојки очекуваат од институциите да имаат персонализиран и сензитивен пристап и 45%, исто така, очекуваат институциите да одржуваат кампањи за подигнување на свесноста и довербата кај младите. Секоја четврта од десетта млада жена и девојка (41%) исто така очекува институциите да имаат лесен физички и онлајн пристап до услуги без сложени процедури.

**Графикон 20:**
**Начини за попристапни институции**

## Како можат институциите да станат попристапни и подоверливи за младите жени и девојки?



# Онлајн средина и дигитално насилство

## Преваленција на насилство во дигиталниот простор

Резултатите укажуваат дека значителен број млади жени и девојки во Северна Македонија имаат директно или индиректно искуство со насилство во дигиталниот простор (како социјални мрежи, СМС-пораки, електронска пошта, форуми, телефонски повици, ГПС-локатори и сл.) уште од тинејџерски години. Иако повеќето изјавиле дека не биле жртви, постои силна веројатност за потценета појава на насилство, особено во случаите на психолошко, вербално и економско малтретирање онлајн.

Околу една од десет испитанички лично доживеала некој облик на насилство по 15-тата година, додека 15% биле сведоци на насилство врз друго лице во дигиталниот простор. Овие проценти укажуваат дека насилството е реално и присутно во дигиталниот простор, дури и кога не е директно насочено кон нив.

**Графикон 21:**
**Искуство со насилство во дигитален простор**

**Дали некогаш (од вашата 15 годишна возраст) сте биле жртва на некој облик на родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор (на социјални мрежи, СМС-пораки, електронска пошта, форуми, телефонски повици, ГПС-локатори и сл.)?**



Според наодите од квалитативното истражување, дигиталното насилство претставува сè почеста и сериозна појава, особено меѓу младите жени и девојки. Сите учесници/учеснички наведуваат дека, во помала или поголема мера, посведочиле некаква форма на дигитално насилство, како навредливи коментари, закани, лажни профили, споделување и едитирање на фотографии без дозвола. Дополнително граѓанските организации сведочат дека ваквите случаи нај

Генерално сите учесници/учеснички во фокус-групите истакнуваат дека дигиталното насилство претставува сè почеста и сериозна појава, особено меѓу младите и жените. Сите учесници/учеснички наведуваат дека, во помала или поголема мера, посведочиле некаква форма на дигитално насилство, како навредливи коментари, закани, лажни профили, споделување и едитирање на фотографии без дозвола.

## Платформи

Фејсбук останува најчесто место на онлајн вознемирување – 74% анкетираните млади жени и девојки кои доживеале или посведочиле родово базирано насилство во дигиталниот простор ја навеле оваа социјална мрежа како платформа каде се случило тоа. Платформата е популарна меѓу пошироки возрасни групи, што ја прави подложна на злоупотреби и хејт-говор, особено поради јавните коментари, групи и можноста за создавање лажни профили.

Второ најчесто споменувана платформа е Инстаграм – 41% ја навеле оваа социјална мрежа каде се случило насилството и/или вознемирувањето. Вознемирувањето на Инстаграм најчесто се јавува преку директни пораки, коментари и неовластено споделување фотографии. Ова ја потврдува врската меѓу визуелната природа на платформата и разните форми на насилство.

Иако процентот е помал (18%), Тикток претставува растечка зона на вознемирување, особено преку негативни коментари и исмејување на видеа.

**Графикон 22:**

**Форми на РБН во дигиталниот простор**

## Кои од следниве форми на родово базирано насилство и/или вознемирување сте ги доживеале или сте биле сведок во дигиталниот простор?



Според сознанијата на учесниците/учесничките во групните дискусии, дигиталното насилство е присутно на сите онлајн платформи, особено на оние што најчесто ги користат младите, како што се Тикток, Инстаграм, Снапчет, Фејсбук и Телеграм, односно платформите преку кои се споделуваат различни содржини – фотографии, видеа и други материјали.

### Пријавување на насилство

Слично како и во случаите со насилството во јавниот простор, висок процент на млади жени и девојки (86%) кои доживеале или биле сведок на родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор не го пријавиле инцидентот. Само една од десет го пријавила инцидентот и тоа го сторила најчесто во полиција или на самата социјална мрежа каде што се случило насилството и/или вознемирувањето.

Резултатите укажуваат дека поголемиот дел од младите жени и девојки не го пријавуваат насилството што го доживеале, и тоа најчесто поради емоционални бариери, недоверба во институциите и недоволна информираност. Овие наоди ја потврдуваат постојаната појава на култура на молчење и стигматизација околу родовото базирано насилство во македонското општество.

Најчесто наведена причина зошто насилството не е пријавено е недоволната информираност каде да се пријави (31%), што укажува на сериозен недостаток на јавна свесност за постоечките механизми и институции каде може да се пријави насилство.

**Графикон 23:**

**Платформа каде е доживеано/посведочено насилство**

## На кои платформи сте доживеале или посведочиле родово базирано насилство и/или вознемирување?



Речиси една третина од испитаничките (28%) навеле дека не го пријавиле инцидентот затоа што немаат доверба во институциите, што укажува на перцепција дека системот е неефикасен, бавен или не обезбедува реална заштита.

Резултатите од ова прашање јасно укажуваат дека стравот, срамот и недовербата во институциите се трите најзначајни фактори што ги спречуваат младите жени да пријават родово базирано насилство. Недоволната информираност за постапките и достапните услуги ја продлабочува тишината околу ваквите случаи. Затоа, неопходно е институциите да преземат координирани активности за подобра видливост, транспарентност и поддршка на жртвите, како и да се воспостават кампањи што ќе ја поттикнат довербата и храброста за пријавување.

И наодите од квалитативното истражување во однос на тоа дали младите жени и девојки имаат доверба да пријавуваат дигитално насилство кај институциите

**Графикон 24:**
**Пријава на насилство во дигиталниот простор**

## Дали сте го пријавиле инцидентот на родово базирано насилство и/или вознемирување кое сте го доживеале или посведочиле?




укажуваат дека довербата е многу ниска, а пријавувањето на вакви случаи е ретко. Повеќето учесници/учеснички се согласуваат дека најчеста причина за тоа е недоволната информираност и едукација на младите за тоа што претставува дигитално насилство и каде може да се пријави. Исто така, учесниците/учесничките посочија дека дури и кога се пријавува дигитално насилство, ретко се преземаат конкретни мерки, а жртвите најчесто се советуваат едноставно да

ги игнорираат навредите. Недостигот на јасни механизми за пријавување, заедно со бавните реакции на полицијата и долгите судски постапки, создава чувство на немоќ и обесхрабрување кај младите жени и девојки. Проблем претставува и тешкотијата во обезбедувањето докази, бидејќи дел од социјалните мрежи не соработуваат со македонските институции, што дополнително го отежнува процесот на санкционирање на сторителите

**Графикон 25:**

**Причини за непријавување**

## Поради кои причини не го пријавивте родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор?



## Механизми на справување

На прашањето што преземале по доживеаниот инцидент на насилство и/или вознемирување, повеќе од половина од испитаничките (56%) изјавиле дека се обиделе самостојно да го отстранат изворот на вознемирување. Ова ја потврдува недовербата во институционални механизми и ја нагласува потребата за пристапни дигитални алатки за пријавување.

Скоро секоја трета испитаничка (30%) изјавила дека побарала помош од пријател/пријателка или семејство, одговор што потврдува дека жртвите најчесто се потпираат на неформална поддршка наместо на институции.

Четвртина од испитаничките (26%) користеле алатки на самите платформи (пријавување содржина или профил).

Значителен број млади жени и девојки (18%) се повлекле од онлајн активност по доживеаниот инцидент односно реагираат со самоограничување, што укажува на психолошко влијание на насилството и чувство на беспомошност.

## Фактори за РБН во дигиталниот простор

Резултатите покажуваат дека онлајн насилството не е случаен, туку системски проблем, поттикнат од недостаток на санкции, слаба регулација и културна толеранција кон насилството. Комбинацијата од анонимност, брзо ширење и неинформираност создава средина во која насилството лесно се репродуцира. Најголем придонес за родовото базирано насилство во дигиталниот простор имаат недостигот на санкции, анонимноста на напаѓачите и лесното ширење на навредливи содржини. Истовремено, младите препознаваат и општествени фактори – како групен притисок и нормализација на насилниот говор.

На прашањето кои фактори придонесуваат за родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор, половина од испитаничките (50%) сметаат дека недоволното казнување и неказнивоста на сторителите создава чувство на неказнивост. Без реални последици, насилниците продолжуваат со вакво однесување.

Втор најчест фактор е анонимноста на интернетот (41%) која им овозможува на сторителите да делуваат без страв од откривање, што го поттикнува агресивното и навредливо однесување.

**Графикон 26:**

**Преземени акции**

## Што презедовте по доживеаното родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор?



Повеќе од една третина од испитаничките (39%) дека брзото ширење на навредливи содржини  е фактор што придонесува за родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор, особено овозможено преку ширење на слики, коментари, видеа на социјалните мрежи при што последиците за жртвата се брзи и често неповратни, бидејќи содржината се дистрибуира за неколку минути.

Значителен дел од испитаничките, исто така, ги нагласуваат недоволно регулираните платформи (29%), недоволната писменост за дигиталните права (27%), и нормализацијата на агресивниот говор и насилно однесување (27%) како фактори кои придонесуваат за родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор.

**Графикон 27:**
**Фактори за РБН во дигитален простор**

## Кои фактори придонесуваат за родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор?



## Фактори за поголема безбедност

Резултатите јасно покажуваат дека младите жени и девојки сакаат интегриран систем на превенција и поддршка, кој вклучува институционална реакција, јасни правила на платформите, технолошки алатки за заштита, и континуирана едукација.

Младите жени и девојки ја препознаваат улогата на институциите - 51% од испитаничките навеле дека поддршка од институции (образовни институции, социјални служби, полиција, судство) е нешто што би помогнало за поголема безбедност во дигиталниот простор.

Младите жени и девојки исто така бараат построга модерација и политики на социјалните мрежи кои ќе спречат ширење на навредливи содржини и ќе санкционираат насилно однесување – 45% од испитаничките навеле дека е потребно постоење на јасни и строги правила за однесување на онлајн платформите.

Младите жени и девојки сметаат дека практични и достапни механизми за брзо реагирање би помогнале во зголемена безбедност во дигиталниот простор – 43% навеле дека постоење на дигитални алатки за пријавување и блокирање на насилници е добро решени во борбата против родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор.

**Графикон 28:**

**Фактори за поголема безбедност**

## Што би помогнало за поголема безбедност на младите жени и девојки во дигиталниот простор?



# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ



## Заклучоци

1. Истражувањето укажува дека родовото базирано насилство е длабоко вкоренет и често непрепознаен феномен, кој продолжува поради недостаток на санкции, институционална неефикасност и нормализација на насилното однесување. Родовото базирано и дигиталното насилство врз младите жени и девојки претставува сериозен и растечки проблем кој бара системски и координиран пристап. Безбедноста на младите жени и девојки е мултидимензионален проблем кој бара истовремено институционален, инфраструктурен и образовен пристап.
2. Податоците потврдуваат дека институционалната доверба кај младите жени е делумна. Иако свеста кај младите е зголемена и темата сѐ почесто се отвора во јавноста, институционалната недоверба и бавната реакција остануваат клучни пречки за ефикасно справување со насилството. Тие имаат тенденција да веруваат во институции со кои имаат директен и секојдневен контакт (образовни и здравствени), како и во полицијата и центрите за социјална работа, додека судството и обвинителството се перципираат како неефикасни, недостапни и неемпатични.
3. Институциите во кои младите жени и девојки имаат најниска доверба се идентификувани како оние со најголеми пропусти во соодветното санкционирање и казнување на сторителите. Системската слабост, бавноста и недоволната сензитивност на службените лица ја намалуваат волјата на жртвите да пријават насилство, при што најголемите недостатоци се забележуваат во казнувањето на сторителите, поддршката на жртвите и брзината на реакцијата. Недостатокот на сензибилизирани кадри, неусогласеноста меѓу институциите и ограничената правна рамка дополнително го усложнуваат проблемот.
4. Младите жени и девојки очекуваат институциите да бидат попристапни, потранспарентни и посензитивни кон нивните потреби земајќи ги предвид главните приоритети како гаранција за доверливост, едноставен пристап до услуги, специјализирана поддршка и јасна и директна комуникација според пристапот заснован на жртва.

5. Граѓанските организации уживаат поголема доверба и обезбедуваат психолошка, правна и материјална поддршка (како домување и сместување на жртвите), сепак нивниот капацитет е ограничен, особено во руралните средини. Сепак, зголемениот ангажман на граѓанските организации, позитивните примери од училиштата и иницијативите за едукација и поддршка претставуваат важна основа за подобрување.

6. Значителен број млади жени и девојки имаат директно или индиректно искуство со насилство уште од тинејџерски години. Иако повеќето изјавиле дека не биле жртви, постои силна веројатност за потценета појава на насилство, особено во случаите на психолошко, вербално и економско вознемирување и злоупотреба. Младите жени и девојки се сè почесто изложени на различни облици на родово базирано насилство и / или вознемирување - особено психолошко, вербално, економско и дигитално, кои, иако се најзастапени, остануваат најмалку препознаени и санкционирани.

7. Патријархалните ставови и норми, ниското ниво на информираност (знаење) придонесуваат насилството да се нормализира, а често и да се минимизира, особено во семејството и партнерските односи.

8. Насилството се случува насекаде, но домот, улицата и јавните простори претставуваат најризични места каде младите жени се соочуваат со различни форми на насилство. Во домот најзастапени се контролните и економските форми на насилство. На улица се бележи највисока појава на сексуално вознемирување и демнење, што ја потврдува несигурноста на жените во јавниот простор. Училиштата и факултетите се жаришта на психолошко и вербално насилство.

9. Стравот, срамот и недовербата во институциите се трите најзначајни фактори што ги спречуваат младите жени и девојки да пријават родово базирано насилство. Недоволната информираност за постапките и достапните услуги се дополнителни фактори кои придонесуваат кон малата веројатност случаите да се пријават. Стравот од осуда, одмазда и стигма, заедно со економската зависност и недостигот од безбедни механизми за анонимно пријавување, ги обесхрабруваат жртвите да побараат помош.

10. Младите жени и девојки главно реагираат преку стратегии на избегнување и самозаштита, а не преку институционални канали. Младите жени и девојки најчесто реагираат во рамките на личната или неформалната мрежа на поддршка, додека институционалното пријавување и барање помош се ретки.

11. Дигиталното насилство станува сè почеста и сериозна форма на насилство, која најмногу ги погодува младите жени и девојки. Најчести форми на

насилство во дигиталниот простор се креирањето на лажни профили, навредливи коментари и непосакувани пораки, а социјалните мрежи се главниот простор каде младите жени и девојки доживуваат или сведочат родово базирано насилство и/или вознемирување.

12. Комбинацијата од анонимност, брзо ширење и неинформираност создава средина во која родовото базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор лесно се репродуцира.

13. Пријавувањето на онлајн насилството е многу ретко поради недоверба во институциите, недоволна информираност и препознавање на насилството, како и неефикасни механизми за заштита.

14. Младите жени и девојки очекуваат интегриран систем на превенција и поддршка во случаи на родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор, кој вклучува институционална реакција, јасни правила за користење на платформите, технолошки алатки за заштита и континуирана едукација.

## Препораки

### Поврзано со заклучок 3, 4, 5 и 6: Зајакнување на институционалната ефикасност и вон институционална поддршка

1. Создавање на јасни протоколи за постапување, обука на службени лица и брза реакција.

   За зголемување на безбедност потребни се брза и ефикасна институционална реакција по пријава, континуирана поддршка и зајакнување на системите за заштита и полициско присуство во јавниот простор.

2. Ефикасност и мултисекторска соработка на институциите кој ќе обезбеди побрз и покоординиран одговор преку обезбедување обучени лица во секоја полициска станица, обвинителство и центри за социјална работа за сензитивно и професионално постапување со случаи на насилство, како и доволно човечки и финансиски ресурси за функционални услуги како шелтери и бесплатна психолошка помош.

3. Вонинституционална поддршка на жртвите од родово базирано насилство и/или вознемирување преку поддршка на граѓанските организации и младинските центри кои работат со жртви на насилство.

4. Воведување програми за работа со сторителите, кои ќе овозможат ресоцијализација и намалување на ризикот од повторување на насилството.

### Поврзано со заклучок 7 и 8: Воведување на сеопфатни едукативни програми

5. Задолжителни образовни програми во училиштата: Воведување на едукација за родови улоги, превенција на насилство и сексуално образование од помали возрасти, со активно вклучување на родителите за емоционална и практична поддршка на децата и преку интегрирање на пристапи што активно ги вклучуваат мажите и момчињата преку промовирање на позитивна машкост, емпатија и почитување на родовата еднаквост.
6. Развивање на конкретни програми и активности за младите, кои ќе ги насочуваат кон позитивен и едукативен ангажман.
7. Едукативни програми за препознавање, превенција и пријавување на родовото базирано насилство и/или вознемирување, сексуално образование, со активно вклучување на родителите.
8. Јакнење на јавната свест преку кампањи и позитивни примери, со цел поттикнување доверба кај жртвите и промовирање култура на одговорност и нулта толеранција кон насилството.

### Поврзано со заклучок 12, 13, 14 и 15: Превенција и заштита од родово базирано насилство во дигиталниот простор

9. Младите жени и девојки треба да добиваат континуирана едукација за дигитална писменост. Покрај тоа, младите мора да добиваат континуирана едукација за пријавување на родово базирано насилство и злоупотреба на лични податоци. Тие треба да се запознаат со улогата на одговорните институции како што се училиштата, полицијата и народниот правобранител и со постапката за пријавување на родово базирано насилство.
10. Дигитална платформа за поддршка: Обединување на жртви, стручни лица и институции на едно место, со можност за споделување искуства, информации за ресурси и практични совети, вклучително и анонимни опции за заштита и мотивација на жртвите. Проширување на напорите за информирање и едукација преку канали прилагодени за младите, вклучувајќи мобилни апликации и платформи на социјалните медиуми, за ефикасно вклучување на младите луѓе во спречувањето на родово базирано насилство.

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1 - Прашалник

### Прашалник

*Должина на интервју:*
*Почеток на теренска работа:*
*Крај на теренска работа:*

### I. ВОВЕД

*Добро утро / Добар ден / Добра вечер. Моето име е ... и работам за Индаго од Скопје, независна Агенција за истражување на пазарот и јавното мислење. Во моментот спроведуваме истражување за искуствата, перцепциите и предизвиците со кои се соочуваат младите жени и девојки на возраст од 18 до 29 години во однос на родовото базирано насилство, како во јавниот така и во дигиталниот простор.*

*Целта на истражувањето е да се добие подлабоко разбирање за различните форми на насилство, како и за препреките при пристап до заштита, поддршка и правда.*

*Вашето учество е целосно анонимно и доброволно, и сите собрани податоци ќе се користат исклучиво за истражувачки цели. Анкетата трае околу 30 минути.*

*Дали би сакале да учествувате?*

***Пред да започнеме ќе ви прочитам дефиниција за родово базирано насилство: „Родово базирано насилство врз жените“ – е насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погодува. Родовото базирано насилство врз жените ги опфаќа причините и резултатот од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите како резултат на општествен, а не индивидуален проблем.***

## II. ПРИМЕРОК

*Возраст*

## III. КВОТИ

*Тотал net: n=600 интервјуа*

## IV. ПРАШАЛНИК

**S01 [S] Статистички регион**

***ИНТ: ОДБЕРИ РЕГИОН ВО КОЈ СЕ СПРОВЕДУВА ИНТЕРВЈУТО***

1. Вардарски Регион
2. Источен Регион
3. Југозападен Регион
4. Југоисточен Регион
5. Пелагониски Регион
6. Полошки Регион
7. Североисточен Регион
8. Скопски Регион

**База: сите испитаници**

**S02 [S] Каде живеете?**

1. Урбана средина (град)
2. Рурална средина (село/на село)

**S03. [S] Колку години имате?**

1. ___________ години
2. Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

**S03а. [S] Возрасни категории:**

1. 18–21
2. 22–25
3. 26–29

# IV. ПРАШАЛНИК

## ПРИСУСТВО НА НАСИЛСТВО ВО РАЗЛИЧНИ ОПШТЕСТВЕНИ КОНТЕКСТИ

**A01. [S] Колку често сте се чувствувале небезбедно во јавен простор поради тоа што сте жена или девојка?**

1. Многу често
2. Понекогаш
3. Ретко
4. Никогаш
5. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

**A02. [S] Дали некогаш (од вашата 15 годишна возраст) сте избегнале некоја активност или место поради страв од родово базирано насилство и/или вознемирување?**

1. Да
2. Не
3. Не се сеќавам
4. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

**A03. [S] До кој степен имате доверба во следните институции и организации кога станува збор за заштита од родово базирано насилство или вознемирување?**

| | Имам целосна доверба (1) | Имам делумна доверба (2) | Ниту имам, ниту немам доверба (3) | Воопшто немам доверба (4) | Одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА) (5) |
|---|---|---|---|---|---|
| Образовни установи | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Здравствени установи | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Полиција | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Центри за социјална работа | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Граѓански организации | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Јавно обвинителство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Судови | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**А04. [М – до 3 одговори, ротација на одговори] Кои институции и/или организации според вас треба да имаат клучна улога во справувањето со родовото базирано насилство и/или вознемирување? Избери до 3 одговори**

1. Полиција
2. Судовите
3. Социјални служби/Центар за социјална работа
4. Локална самоуправа/општина
5. Јавно обвинителство
6. Образовни установи
7. Здравствени установи
8. Граѓански организации
9. Медиуми
10. Друго: ___________
11. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се до 3 одговори*

**А05. [S] Дали сметате дека институциите кај нас соодветно реагираат кога се работи за спречување и казнување на родово базирано насилство и/или вознемирување врз млади жени или девојки?**

1. Да, целосно
2. Делумно
3. Не
4. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

**А06. [S] Дали сметате дека вие имате доволно информации да препознаете родово базирано насилство и/или вознемирување и да побарате заштита?**

1. Да
2. Не
3. Делумно
4. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

**А07. [М - ротација на одговори] Кои се најчестите причини зошто родово базирано насилство и/или вознемирување не се пријавува?**

1. Страв
2. Срам
3. Вина
4. Недоверба во институции
5. Притисок од семејството
6. Притисок од околината
7. Притисок од пријателите/ другарките
8. Нема каде да се пријави
9. Немање пристап до бесплатна поддршка (бесплатни, психолошка и правна поддршка, и сл.)
10. Недоволна информираност каде да се пријави
11. Друго: ___________
12. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

**А08. [S] Дали сметате дека постојат достапни, младински и родово чувствителни сервиси за поддршка на жртвите од родово базирано насилство и/или вознемирување?**

1. Да, мислам дека постојат и се достапни
2. Да, постојат, но мислам дека не се доволно достапни
3. Не, мислам дека не постојат
4. Не знам/не можам да проценам (НЕ ЧИТАЈ!!)
5. Одбива да одговори (НЕ ЧИТАЈ!!!).

*Еден одговор*

**A09. [S по ред – ротација на одговори]. Колку се согласувате со следниве изјави, каде што 1 значи ,,воопшто не се согласувам“ додека 5 значи ,,потполно се согласувам“?**

| | Воопшто не се согласувам | Донекаде не се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Донекаде се согласувам | Потполно се согласувам | Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Семејното насилство е приватна работа и треба да се решава внатре во семејството. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Насилството врз жените/девојките често е предизвикано од самата жртва. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Жените/девојките кои велат дека биле злоупотребени често измислуваат или претеруваат со тврдењата за злоупотреба или силување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Жените/девојките почесто се силувани од страна на непознати отколку од некој што го познаваат. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Ако партнер или сопруг / дечко е насилен кон својата партнерка сопруга/девојка, другите луѓе надвор од семејството треба да интервенираат. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Важно е мажот да ѝ покаже на својата партнерка кој е главниот во врската. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | Воопшто не се согласувам | Донекаде не се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Донекаде се согласувам | Потполно се согласувам | Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жената треба да има право сама да си ги избира пријателите, дури и ако нејзиниот партнер не се согласува | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Обврска на жената или партнерката е да има сексуални односи со својот партнер, дури и кога не сака. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Непосакуван коментар со сексуална конотација не е сексуално вознемирување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Доколку девојката се расправа или се брани, тоа само го влошува однесувањето на момчето. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Девојките кои се облекуваат провокативно привлекуваат насилно однесување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Девојки и млади жени од одредени етнички групи се повеќе изложени на ризик од родово базирано насилство и/или вознемирување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Девојки и млади жени со понизок социоекономски статус се повеќе изложени на родово базирано насилство и/или вознемирување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | Воопшто не се согласувам | Донекаде не се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Донекаде се согласувам | Потполно се согласувам | Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Етничката припадност на девојките и младите жени влијае врз тоа како се третираат кога се жртви на родово базирано насилство и/или вознемирување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Социоекономскиот статус на девојките и младите жени влијае врз тоа како се третираат кога се жртви на родово базирано насилство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Девојките и младите жени од рурални средини се повеќе изложени на ризик од родово базирано насилство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Девојките и младите жени со попреченост се повеќе изложени на ризик од родово базирано насилство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

*Еден одговор во ред*

## ФОРМИ И РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И/ИЛИ ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

**А10. [М – до 3 одговори – ротација на одговори] Кој е најголемиот проблем со кој се соочувате во моментов?**

1. Финансиски проблеми / економска несигурност
2. Проблеми поврзани со менталното здравје (стрес, анксиозност, депресија и сл.)
3. Чувство на небезбедност во јавен простор
4. Чувство на небезбедност, дома
5. Чувство на небезбедност онлајн (онлајн вознемирување, сајбер булинг или сексуално вознемирување)
6. Насилство или контрола од страна на партнер/партнерка
7. Дискриминација
8. Ограничен пристап до образование / развојни можности
9. Употреба или злоупотреба на алкохол, дрога и лекови (кај неа или кај блиски лица)
10. Врсничко насилство (исклучување од друштво, притисок од врсници и сл.)
11. Друго (што?) ____________________
12. Не знам/Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се до 3 одговори.*

**A11. [S] До кој степен се чувствувате безбедно како жена/ девојка...**

| | Целосно безбедно | Безбедно | Небезбедно | Воопшто небезбедно | Не знам / Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ] |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) ...во вашето соседство? | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| 2) ...во вашиот град/ село? | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| 3) ...во вашата земја? | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| 4) ..во дигиталниот простор? | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| 5) ..во јавниот превоз? | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| 6) ...на јавни места (како што се плоштади, паркови, улици и патишта, места за пешачење и велосипедски патеки)? | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| 7) ...во образовните институции | 1 | | 2 | 3 | 4 |

*Еден одговор во ред*

**A12. [S] Дали некогаш (од вашата 15 годишна возраст) <u>сте биле жртва</u> на некаков вид на родово базирано насилство и/или вознемирување во јавен простор (училиште, факултет, улица, на работа, во институции)?**

**За секој од следниве облици на насилство, ве молиме одговорете со да, не или не сум сигурна**

| | Да (1) | Не (2) | Не сум сигурна (3) | Одбива да одговори (НЕ ЧИТАЈ) (4) |
|---|---|---|---|---|
| 1) Физичко насилство (удар, туркање, удирање, влечење и сл.) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2) Психолошко насилство (навреди, омаловажување, манипулација, уцени, закани) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3) Вербално насилство (викање, пцовки, дофрлување, понижување) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4) Сексуално вознемирување (непосакувани коментари, гестикулации, недозволено допирање, притисоци за сексуални односи) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5) Сексуално насилство (присилен сексуален контакт, силување) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6) Економско насилство (контрола или ограничување на финансии, условување со пари) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7) Демнење / следење (физичко следење, присуство без ваша дозвола) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8) Контролирање од партнер (при движење, избор на пријатели/пријателки, следење на телефонската комуникација, начин на облекување и однесување) | 1 | 2 | 3 | 4 |

*Еден одговор во ред*

## База:  испитаници со код 1 на било која изјава од  А12

**А13. [M - ротација на одговорите] Ве молам да ми кажете каде сте го доживеале  родово базирано насилство и/или вознемирување.**

*Scripter: Ask for each statement from A18 with answer 1 separately*

1. Дома
2. Во соседството
3. Училиште
4. Факултет
5. Болница
6. Парк
7. Улица
8. Кафуле, ресторан или клуб
9. Паркинг место
10. Јавен превоз
11. Полициска станица
12. Во куќа на пријател/пријателка
13. Работно место
14. Интернат/студентски дом
15. Друго _____________
16. Не знам  /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

## База: сите испитаници

**А14. [S] Дали некогаш (од вашата 15 годишна возраст) сте биле <u>сведок</u> на некаков вид на родово базирано насилство и/или вознемирување во јавен простор (училиште, факултет, улица, на работа, во институции)**

**За секој од следниве облици на насилство, ве молиме одговорете со да, не или не сум сигурна**

| | **Да** (1) | **Не** (2) | **Не сум сигурна** (3) | **Одбива да одговори (НЕ ЧИТАЈ)** (4) |
|---|---|---|---|---|
| *1) Физичко насилство (удар, туркање, удирање, влечење и сл.)* | 1 | 2 | 3 | 4 |
| *2) Психолошко насилство (навреди, омаловажување, манипулација, уцени, закани,* | 1 | 2 | 3 | 4 |
| *3) Вербално насилство (викање, пцовки, дофрлување, понижување)* | 1 | 2 | 3 | 4 |
| *4) Сексуално вознемирување (непосакувани коментари и гестикулации, недозволено допирање, притисоци за сексуални односи)* | 1 | 2 | 3 | 4 |
| *5) Сексуално насилство (присилен сексуален контакт, силување)* | 1 | 2 | 3 | 4 |
| *6) Економско насилство (контрола или ограничување на финансии, условување со пари)* | 1 | 2 | 3 | 4 |
| *7) Демнење / следење (физичко следење, присуство без ваша дозвола)* | 1 | 2 | 3 | 4 |
| *8) Контролирање од партнер (при движење, избор на пријатели/пријателки, следење на телефонската комуникација, начин на облекување и однесување)* | 1 | 2 | 3 | 4 |

## База:  испитаници со код 1 на сите изјави од  А14

**А15. [М - ротација на одговори] Ве молам да ми кажете каде сте биле сведоци на родово базирано насилство.**

*Scripter: Ask for each statement from A20 with answer 1 separately*

1. Дома
2. Во соседството
3. Училиште
4. Факултет
5. Болница
6. Парк
7. Улица
8. Кафуле, ресторан или клуб
9. Паркинг место
10. Јавен превоз
11. Полициска станица
12. Во куќа на пријател/пријателка
13. Работно место
14. Интернат/студентски дом
15. Друго _____________
16. Не знам  /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

## База: испитаници со одговор 1) Да на  А18 и А14

**А16. [S] Дали сте го пријавиле инцидентот ?**

1. Да, каде ________________
2. Не
3. Не знам  /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

**А17. [М - ротација на одговори]. Што презедовте по доживеаниот инцидент?**

1. Го пријавив во полиција
2. Се обратив во центар за социјална работа или друга институција
3. Побарав медицинска помош
4. Побарав психолошка поддршка или советување
5. Побарав правна помош (адвокат, бесплатна правна помош и сл.)
6. Разговарав со некој близок (пријател, роднина, наставник/наставничка и сл.)
7. Го напуштив насилното опкружување (работа, врска, дом и сл.)
8. Се јавив на СОС линија за помош и поддршка
9. Се обратив до Центар за упатување на жртви на сексуално насилство и силување
10. Друго (ве молиме наведете): _______________
11. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

## База: иситаници со одговор 2) на А16

**А18. [М - ротација на одговори] Зошто не го пријавивте родовото базирано насилство и/или вознемирување?**

1. Страв
2. Срам
3. Вина
4. Недоверба во институции
5. Притисок од семејството
6. Притисок од околината
7. Притисок од пријателите/ другарките
8. Нема каде да се пријави
9. Немање пристап до бесплатна поддршка (бесплатни, психолошка и правна поддршка, и сл.)
10. Недоволна информираност каде да се пријави
11. Друго: ___________
12. Сакав, но не знаев каде
13. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

**База: испитаници со одговор 1) на А12 и А14**

**А19. [М - ротација на одговори] Според вас, што најмногу недостасува во постапувањето на институциите во случаите на родово базирано насилство и/или вознемирување?**

1. Брза и соодветна реакција
2. Заштита и поддршка на жртвата
3. Информирани обучени службени лица
4. Соодветно казнување за сторителите
5. Информирање и превенција
6. Меѓу-институционална соработка
7. Друго: ___________
8. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

**А20. [М – до 3 одговори, ротација на одговори] Што би помогнало за поголема безбедност на младите жени и девојки во јавниот простор?**

1. Подобро осветлување и безбедносна инфраструктура, како на пример видео надзор
2. Поголемо полициско присуство
3. Побрза реакција на надлежни институции по пријави
4. Повеќе информативни и едукативни кампањи за препознавање и спречување на родовото базирано насилство и вознемирување
5. Јавно достапни информации за постојни сервиси за жртви на родово базирано насилство
6. Поддршка од институции (социјални служби, полиција, судство) – советување, можност за анонимно пријавување, правна заштита, фер третман и сл.
7. Одржливост на постоечките сервиси за жртви на родово базирано насилство и вознемирување и отворање на други специјализирани сервиси
8. Младински центри/ организации за пријавување и помош
9. Друго (ве молиме наведете): _______________
10. Не знам / Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се до 3 одговори*

**A21. [M] Како можат институциите да станат попристапни и подоверливи за младите жени и девојки?**

1. Да обезбедуваат информации на јасен и разбирлив јазик
2. Да имаат специјализирани служби или контакт лица за млади жени/девојки
3. Да гарантираат доверливост и заштита на личните податоци
4. Да се одржуваат кампањи за подигнување на свесноста и довербата кај младите
5. Да имаат лесен физички и онлајн пристап до услуги (без сложени процедури)
6. Да вклучуваат млади жени и девојки во креирањето на политики и услуги
7. Друго: ___________
8. Не знам / Одбива да одговори (НЕ ЧИТАЈ)

*Можни се повеќе одговори*

## ОНЛАЈН СРЕДИНА И ДИГИТАЛНО НАСИЛСТВО

**A22. [S] Дали некогаш (од вашата 15 годишна возраст) сте биле жртва на некој облик на родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор (на социјални мрежи, СМС-пораки, електронска пошта, форуми, телефонски повици, ГПС-локатори и сл.)?**

1. Да
2. Не
3. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

### База: Испитаници со одговор 1) на А22

**A23. [M - ротација на одговори] Кои од следниве форми на родово базирано насилство и/или вознемирување сте ги доживеале во дигиталниот простор?**

1. Навредливи или понижувачки пораки или коментари
2. Сексуално експлицитни пораки без согласност
3. Споделување на експлицитни интимни снимки или фотографии без дозвола
4. Онлајн демнење (stalking)
5. Телефонски повици или СМС пораки
6. Закани по живот или безбедност

7. Креирање на содржини и материјали со сексуална содржина користејќи вештачка интелигенција без дозвола
8. Сексторзија (закани и уцена за објавување интимна содржина
9. Лажен профил (fake profile)
10. Друго (ве молиме наведете): ___________
11. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

**А24. [S] Дали некогаш (од вашата 15 годишна возраст) сте биле сведок на некој облик на родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор (на социјални мрежи, пораки, електронска пошта, форуми и сл.)?**

1. Да
2. Не
3. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

## База: Испитаници со одговор 1) на А24

**А25. [M - ротација на одговори] Кои од следниве форми на родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор сте биле сведок ?**

1. Навредливи или понижувачки пораки или коментари
2. Сексуално експлицитни пораки без согласност
3. Споделување на експлицитни интимни снимки или фотографии без дозвола
4. Онлајн демнење (stalking)
5. Телефонски повици или СМС пораки
6. Закани по живот или безбедност
7. Креирање на приватни фотографии, содржини и видео материјали со сексуална содржина користејќи вештачка интелигенција без дозвола
8. Сексторзија (закани и уцена за објавување интимна содржина
9. Лажен профил (fake profile)
10. Друго (ве молиме наведете): ___________
11. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

## База: Испитаници со одговори 1) на А22 и А24

**А26. [M] На кои платформи сте доживеале или посведочиле родово базирано насилство и/или вознемирување?**

1. Фејсбук
2. Инстаграм
3. Тикток
4. Ватсап / Вајбер
5. X (Твитер)
6. Снапчет
7. Јутјуб
8. Дискорд
9. Телеграм
10. Друго: __________
11. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

## База: Испитаници со одговор 1) на А22 и А24

**А27. [S] Дали сте го пријавиле инцидентот на родово базирано насилство и/или вознемирување кое сте го доживеале или посведочиле?**

1. Да – Каде: ____________________
2. Не
3. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ

*Еден одговор*

## База: Испитаници со одговор 2)на А22 и А24

**А28. [M- rotate the answers] Поради кои причини не го пријавивте родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор?**

1. Страв
2. Срам
3. Вина
4. Недоверба во институции
5. Притисок од семејството
6. Притисок од околината
7. Притисок од пријателите/ другарките
8. Нема каде да се пријави

9. Немање пристап до бесплатна поддршка (бесплатни, психолошка и правна поддршка, и сл.)
10. Недоволна информираност каде да се пријави
11. Друго: ___________
12. Сакав, но не знаев каде
13. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се повеќе одговори*

## База: Испитаници со одговор 1) на А22

**А29. [М- ротација на одговори] Што презедовте по доживеаното родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор?**

1. Го блокирав профилот/бројот на насилникот
2. Го пријавив профилот/објавата на социјалната мрежа или платформа
3. Побарав помош од пријател/пријателка или семејство
4. Се обратив на полиција или во друга институција
5. Се обратив до граѓанска организација која работи на оваа тема
6. Побарав психолошка помош или советување
7. Се повлеков од онлајн активност (избришав профил, престанав да користам платформи)
8. Не преземав ништо
9. Друго (ве молиме наведете): _______________
10. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ

*Можни се повеќе одговори*

**А30. [М до 3 одговори – ротација на одговори] Кои фактори придонесуваат за родово базирано насилство и/или вознемирување во дигиталниот простор?**

1. Анонимност на напаѓачите
2. Недоволно регулирани платформи
3. Недостаток на санкции и последици
4. Лесно и брзо ширење на навредливи содржини
5. Недоволна писменост за дигитални права
6. Групен притисок и потреба за прифаќање од врсниците
7. Нормализација на агресивниот говор и насилно однесување на интернет
8. Друго: ___________
9. Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се до 3 одговори*

**A31. [M – до 3 одговори, ротација на одговори] Што би помогнало за поголема безбедност на младите жени и девојки во дигиталниот простор?**

1. Дигитални алатки за пријавување и блокирање на насилници
2. Поддршка од институции (образовни институции, социјални служби, полиција, судство), како што се советување и психолошка поддршка, можност за анонимно пријавување, правна заштита и фер третман
3. Обуки за млади за препознавање и справување со дигитално насилство
4. Постоење на јасни и строги правила за однесување на онлајн платформи
5. Побезбедни и модерирани онлајн простори за млади
6. Повеќе информативни и едукативни кампањи за препознавање и спречување дигитално насилство
7. Друго (ве молиме наведете): _______________
8. Не знам / Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Можни се до 3 одговори*

## ДЕМОГРАФИЈА

**S04. [M] Дали имате некаков вид на попреченост или здравствена состојба што влијае на вашето секојдневно функционирање?**

1. Оштетување на видот (целосно или делумно)
2. Оштетување на слухот
3. Телесна попреченост
4. Интелектуална попреченост
5. Невроразвојна попреченост (на пр., аутистичен спектар, АДХД и сл.)
6. Психосоцијална состојба (на пр., депресија, анксиозност, ПТСН и сл.)
7. Хронична болест која влијае на секојдневното функционирање
8. Злоупотреба на алкохол, дрога или лекови
9. Друго (ве молиме наведете): ___________
10. Немам никаква попреченост [S]
11. Преферирам да не одговорам [S]

*Можни се повеќе одговори*

**S05. [S] Која е вашата етничка припадност?**

1. Македонка
2. Албанка
3. Ромка
4. Друго (ве молам наведете): _____________
5. Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

**S06. [S] Кој е највисокиот степен на образование кој го имате стекнато?**

1. Без формално образование
2. Основно образование
3. Средно образование
4. Високо образование
5. Магистратура
6. Докторат
7. Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

**S07. [S] Кој е вашиот моментален работен статус?**

1. Редовно вработена
2. Повремено/неформално
3. Невработена
4. Студентка/ученичка
5. Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

**S08. [S] Колку се вкупните месечни примања на <u>вашето домаќинство</u>?**

1. До 24.000 денари
2. Од 24001 до 34.000 денари
3. Од 34.001 до 44.0000 денари
4. Од 44.001 до 54.000 денари
5. Од 54.001 до 64.000 денари
6. Над 64.001 денари
7. Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

**S09. [S] Колку се вашите <u>лични месечни примања</u>?**

1. Немам примања
2. До 24.000 денари
3. Од 24001 до 34.000 денари
4. Од 34.001 до 44.0000 денари
5. Од 44.001 до 54.000 денари
6. Од 54.001 до 64.000 денари
7. Над 64.001 денари
8. Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

*Еден одговор*

## КРАЈ НА ПРАШАЛНИКОТ

**Ви благодарам многу за учеството во истражувањето**

# Прилог 2 - Водич за дискусија во фокус групи

**Број на групи и број на учесници по група:** четири (4) фокус групи, 8-10 учесници во група

**Локација:** Скопје (четири фокус групи)

**Таргет група:** Професионалци / Организации

## Фаза 1: Вовед (5 мин.)

***(Краток опис на целите на дискусијата, правилата за дискусија и охрабрување на учесниците активно да учествуваат во дискусијата)***

***Модератор:*** Добар ден и добредојдовте на денешната дискусија во фокус група. Ви благодариме што одвоивте време да дојдете денес и да учествувате во планираната дискусија. Моето име е (...) и денес ќе разговараме за **вашите ставови и мислења за перцепциите и предизвиците со кои се соочуваат младите жени и девојки на возраст од 18 до 29 години во однос на родовото базирано насилство и/или вознемирување, како во јавниот така и во дигиталниот простор.**

Дискусијата ќе ја снимаме, бидејќи едноставно не е можно да запаметам се она за што ќе зборуваме, а што е многу важно за нас. Нема да ве повикувам да го кажете своето мислење, но од вас се очекува активно да разговарате за темите што ќе бидат отворени на денешната дискусија. Сите ваши мислења се исклучително важни за нас, без оглед колку се различни. Нашата цел не е да имаме еден единствен став, туку да ги слушнеме сите мислења, дури и различни па и спротивставени.

Уште еднаш, ве молам слободно да учествувате, но сакам да ве замолам да не се прекинувате меѓу себе и да не зборуваме сите истовремено. Такво нешто не може да се регистрира снимањето, односно подоцна, нема да можеме да го разбереме и анализираме кажаното и дискутирано. Затоа, ве молиме да зборуваме еден по еден.

Сега би сакала да ве замолам да се запознаеме. Ве молам секој од вас поединечно да се претстави

- **Кратко претставување на учесниците**
- **Име и презиме**
- **од кои организации доаѓаат,**
- **главната цел на организацијата.**

* * *

## Фаза 2: Перцепции и доверба во институции (15 мин.)

- **Како вашата организација гледа на проблемот со родовото базирано насилство и/или вознемирувањето кај младите жени и девојки?** Дали сметате дека е зголемен, намален или тој проблем е на исто ниво споредено со 2024 година?
- **Колку мислите дека младите жени и девојки имаат доверба во институциите** (полиција, судови, центри за социјална работа, здравствени и образовни установи)? *На што се должи тоа ниво на доверба или недоверба?*
- **Според вас, кои институции или организации треба да имаат клучна улога во различни аспекти на справување со родовото базирано насилство и/или вознемирување?** Зошто?

  - ✓ во превенција и едукација
  - ✓ во откривање и пријавување
  - ✓ во заштита и поддршка на жртвите
  - ✓ во санкционирање и казнување на сторителите
  - ✓ во меѓуинституционална координација

- **Што според вашето искуство најмногу недостасува (доколку сметате дека недостасува) во постапувањето на институциите** (на пример: брза реакција, чувствителен пристап, координација, специјализирани служби, поддршка на жртвите, доверливост)?

## Фаза 3: Форми и распространетост на насилство (20 мин.)

- **Кои форми на родово базирано насилство и/или вознемирување најчесто ги среќавате во вашата работа кај младите жени и девојки (физичко, психолошко, вербално, сексуално, економско, дигитално, друго)?** *Модератор потпрашувај: Зошто баш тие? Има ли форми што се помалку видливи, но сепак присутни? Објасни*

- **Дали мислите дека одредени групи на девојки и млади жени се повеќе изложени на ризик од родово базирано насилство и/или вознемирување од другите? Модератор потпрашувај:** *Ако да, кои групи би ги издвоиле и зошто? (на пример: девојки од рурални средини, етнички заедници, оние од семејства со понизок социоекономски статус, девојки со попреченост)? на кој начин тие групи се повеќе изложени? Дали институциите и организациите доволно ги препознаваат овие специфики?*

- **Каде најчесто се случуваат вакви форми на насилство? Модератор потпрашувај:** *во јавен простор (улици, јавен превоз, училишта, факултети)?*

*Во семејство или интимни врски? Во дигиталниот простор? Објасни?*

- **Како организациите го препознаваат и регистрираат проблемот? Модератор: потпрашувај:** *Дали имате свои механизми за идентификување случаи? Дали девојките/жените се обраќаат директно до вас? Со какви бариери се соочувате при пријавување или поддршка?*

- **Според вас, кој е „невидливиот дел" од проблемот – насилство што често се игнорира, не се пријавува или не се препознава како такво? Модератор потпрашај:** *Дали мислите дека има однесувања кои младите жени и девојки не ги препознаваат како насилство (на пример: контрола од партнер, навредливи шеги, сексуализирани коментари)?*

- **Кои форми на родово базирано насилство и/или вознемирување најчесто се минимизираат (не се сфаќаат сериозно) од институциите или општеството?** *Кога институција (полиција, суд, центар за социјална работа) смета дека вербалното или психолошкото насилство „не е толку важно" и не презема мерки. Кога општеството (околината, семејството, медиумите) гледа на контролата во врската, сексуализираните коментари, навредливите шеги или непожелен физички контакт како нешто „нормално" или „шега".*

## Фаза 4: Пријавување и бариери (15 мин.)

- **Кои се според вас најчестите причини зошто младите жени и девојки не пријавуваат случаи на родово базирано насилство и/или вознемирување? Модератор потпрашувај:** *Дали тоа најчесто е поради страв (од насилникот, од последици, од стигма)? Дали мислите дека има чувство на срам или вина? Колку недовербата во институциите игра улога? Дали постои недоволна информираност каде и како може да се пријави? Постојат ли културолошки или семејни притисоци што ги обесхрабруваат девојките да пријават?*

- **Како организациите можат да придонесат за зголемување на пријавувањето и довербата во институциите? Модератор потпрашувај:** *Кои активности или програми би помогнале девојките да се чувствуваат охрабрени да пријават?*

- **Доколку не е наведено прашај: Дали вашата организација има искуство со создавање механизми за анонимно пријавување?** *Како може да се подобри соработката помеѓу организациите и институциите за поефикасна поддршка? Според вас, дали јавните кампањи и едукацијата имаат вистински ефект?*

- **Кои поддржувачки сервиси сметате дека се најважни (правна, психолошка, медицинска, други)?** *Кој вид поддршка жртвите најчесто ја бараат? Кои сервиси сметате дека се најмалку достапни? Дали постојат доволно специјализирани сервиси за млади жени (на пр. младински центри, онлајн совети)? Како организациите можат да помогнат во пополнување на празнините каде институциите не нудат доволно поддршка?*

## Фаза 5: Дигитално насилство (10 мин.)

- **Дали вашата организација се среќава со случаи на дигитално родово базирано насилство и/или вознемирување?** *Ако да, какви случаи најчесто (на пример: навредливи пораки, лажни профили, закани, споделување интимни фотографии без дозвола, онлајн демнење)?*
- **Кои платформи сметате дека се најризични за младите жени и девојки? Модератор потпрашувај:** *Кои форми на вознемирување се најчести на тие платформи? Дали има разлика помеѓу јавни и приватни канали (групи, пораки, коментари)?*
- **Дали младите жени и девојки имаат доволна доверба да пријават дигитално насилство кај институциите?** *Ако да каде најчесто се пријавува? Ако не, зошто не? Објасни*
- **Како организациите може да ја олеснат поддршката за жртви на дигитално насилство?** *Како може да се подобри заштитата во дигиталниот простор (што може да направат институциите, невладините, медиумите итн...)?*

## Фаза 6: Решенија и препораки (20 мин.)

- **Кои превентивни мерки би помогнале најмногу за зголемување на безбедноста во јавниот простор?** *Какви инфраструктурни мерки во јавниот простор би биле корисни (осветлување, безбедносни камери, полициско присуство) Кои образовни и информативни активности би имале најголем ефект?*
- **Што би можело да се направи во дигиталниот простор за зголемување на безбедноста (алатки за пријавување, модерација, едукативни програми)?** *Објасни!*
- **Како институциите можат да станат попристапни и подоверливи за младите жени и девојки?** *Што треба да променат во начинот на работа (поедноставени процедури, доверливост, брза реакција)? Дали е потребно да има повеќе специјализирани служби или контакт лица? Како можат да изградат долгорочна доверба со младите жени и девојки?*
- **Како граѓанските организации можат подобро да соработуваат со институциите и заедницата?** *Кои се главните предизвици во соработката денес?*
- **Ако би можеле да предложите една клучна мерка или иницијатива што би направила најголема разлика – која би била таа и кој проблем би го решила?** (***Модератор:*** *Како би изгледала во пракса (кои активности, кои институции или организации би биле вклучени)? Што би било потребно за да се реализира (ресурси, политичка волја, партнерства)?*

OSCE.Skopje
osce_skopje

OSCE Mission to Skopje
Bulevar 8-mi Septemvri No. 16
1000 Skopje

info-MK@osce.org
osce.org/mission-to-skopje

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**